**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 октомври 2008 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по Дваесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Иван Стоиљковиќ, Александар Спасеноски, Амди Бајрам, Фијат Цаноски и Ѓорѓи Оровчанец ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Прва точка: Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.**

Продолжуваме со претрес по Предлогт за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Има збор господинот Минчев Горан, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Уставот на Република Македонија е пред нова измена, овој пат во делот во кој се определува начинот на избор на Претседател на државата. Во таа насока, сакам да изразам задоволство што партиите навистина постигнаа високо ниво на согласност околу измените кои што верувам дека денес ќе бидат усвоени.

Значајните промени, пред се во делот на легислативата, а пред се во највисокиот правен акт во државата, мора да се носат со заедничка согласност и секако, побитно од се, сето тоа треба да биде во една добра и конструктивна атмосфера.

Околу прашањето на цензусот за избор на претседател на државата, во последно време, бевме соочени и имаше навистина голем број на различни предлози. Исто така, секој од нас или пак секоја партија имаше свое образложение за ставот кој го заземаше. Дури, можам да истакнам дека голем дел на партиите имаа и ставови кои им беа и дијаметрално спротивни. Во текот на овие преговори слушнавме и евентуални подрастични измени во делот на надлежностите на претседателот на државата и ред други отворени прашања. Сепак, на лидерската средба која што се одржа на таа тема беше прифатен предлогот на СДСМ, а тоа е намалување на цензусот за избор на претседател на државата од постоечките 50% на 40%, односно актуелниот предлог кој што е денес на дневен ред. Сметам дека ваквото решение е навистина реално и е во интерес на граѓаните на Република Македонија.

Владеачката ВМРО-ДПМНЕ најпрво излезе со предлог за целосно укинување на цензусот. Претпоставувам дека од таков предлог сте се воделе од за вас практични причини, но добро е што отстапивте од првичната намера, затоа што непостоењето на никаков цензус на претседателските избори навистина крие и други опасности.

Како прво, претседател избран од многу мал број на излезени гласачи навистина ќе има реално проблем со својот легитимитет, но исто така избор на претседател без постоење на било каков цензус кај немнозинските заедници во Република Македонија ќе предизвика дополнителна реакција, односно со други зборови кажано ќе нема никаква улога при изборот на претседателот на државата. Во една мултиетничка држава каква што е Република Македонија навистина ова би претставувало реален проблем.

Исто така, со прифаќањето и пристапувањето кон оваа измена на Уставот значи дека ги прифаќаме и препораките на ОДИХР и ОБСЕ. Препораките за намалување на цензусот од 50% беа со цел да се отстрани можноста од евентуални неуспешни претседателски избори. Со оваа уставна измена се избегнува таков развој на настаните што евентуално би не вовеле и во политичка криза. Наредните претседателски избори лично верувам дека ќе бидат успешни од тој аспект, односно од аспект на потребната излезеност.

Но сепак, не смееме да заборавиме односно сите политички партии, а пред се оние што се во власта како најодговорни за состојбите во државата имаат уште поголема задача. Таа задача е да се направи се, да се преземат сите неопходни мерки за сите претстојни изборни циклуси да бидат фер, да бидат демократски и не само на хартија, туку во најширока смисла на зборот. Факт е дека изминатите предвремени парламентарни избори беа најлошо организирани до сега според сите оценки, немавме само нерегуларности и кршење на законот, напротив, ни се случија оружени престрелки и се случија и човечки жртви. Изборите, било кои во Република Македонија, треба да бидат празник на демократијата, а не колеж и додека сите политичари и сите партии во Македонија не го разберат тоа, ниту едни измени во Уставот и законите нема да направат подобра држава.

Затоа, во оваа прилика кога расправаме за измени на правната рамка за изборите, треба да се потсетиме дека законите не можат да покријат се, дека постои нешто што е многу побитно од законите, а тоа е политичка волја политичка култура и пред се и најважно политичка одговорност. Без тие основни работи во една демократија или во една демократска држава, верувајте, нема да стигнеме никаде, напротив, ќе се враќаме со многу чекори наназад.

Тоа што сакам да го порачам денес овде е дека Република Македонија не смее да се дозволи да има уште едни проблематични избори. Тоа важи и за наредните претседателски избори што се

заедно со локалните, но исто така и за сите изборни циклуси кои што ќе следат. Инаку, верувајте, ќе делуваме како една незрела и нестабилна држава без капацитет да организира фер, демократски и нормални избори. Тоа го велам не само заради условите што ни ги поставува Европската унија, пред се го велам заради самите себе. Тоа мораме да го направиме заради самите себе, меѓутоа за македонската демократија уште поважно и за угледот на државата во целина. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Авировиќ Владанка, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, би сакала и јас накратко да го изложам своето мислење во врска со измената на уставната основа за промена на цензусот во вториот круг за претседателски избори за избор на претседател на Република Македонија.

Во оваа фаза кога пристапуваме кон измена на ова прашање, ми се чини дека неопходно е сите да дадеме еден придонес со своите размислувања бидејќи решението во првиот круг да биде 50% од цензусот исполнет мислам дека говори за еден сосема сериозен пристап кон нашиот Устав и дека било кој кандидат за претседател навистина има потполн легитимитет доколку се исполни услво да учествува и во вториот круг на избори. Прашањето е дали во вториот круг цензусот треба да се промени од 50% на 40% или да се промени помалку или воопшто, кога зборуваме за избор во вториот круг, да победи тој што има најголем број на гласови.

Добро е што политичките партии дискутираат за ова прашање, но не ми се допаѓа само дискусијата од некои наши колеги кои кажуваат дека се врши пазарење. Мислам дека е ова прашање на кое во изминатиот период е посветено доволно внимание не само сега, туку во еден цел период од неколку години на ова прашање повеќе пати се навраќаат и нашите колеги од претходните парламентарни состави, така што сметам дека е доволно сериозно и се надевам дека во наредните фази ова прашање ќе биде сериозно разгледувано, особено кога се имаат предвид и сите дискусии кои денес ги даваме како прилог.

Само ќе ви кажам дека Социјалистичката партија уште во 2005 година поведе една иницијатива и тоа е на 97-та седница во мај 2005 година за измена на цензусот за избор на претседател особено во вториот круг. Ќе прочитам само еден детал со кој ќе се поткрепи ова наше размислување во континуитет дека е потребно не само да се намали цензусот од 40%, туку ние сметаме дека добро би било во вториот круг да победи тој што има највеќе гласови. Значи оставам и понатаму Уставната комисија да ги разгледа сите можни варијанти и добро е како дискусии да се забележат, но повторувам дека не ми се допаѓа ова мислење на некои од колегите кое беше изнесено особено во вчерашниот ден дека се работи за некое пазарење меѓу партии, бидејќи ние сме задолжени да имаме еден политички дијалог. Ако имаме политички дијалог во рамките на политичките партии, некој сега тоа го нарекува пазарење. Секако дека треба да внимаваме на овие термини при употребата во нашите дискусии, а јас само ќе ви кажам дека во 2005 година иницијативата за промена на овој цензус особено во вториот круг, ќе ви прочитам 2-3 реченици од тогашната дискусија на пратеникот Љубисав Иванов - Ѕинго во поглед на оваа иницијатива што беше речено.

“Од досегашното решение на Уставот изборот на претседател е предвиден со непосреден избор, значи претседателот се бира од сите граѓани на Република Македонија и тука мислам дека не би требало да се прават никакви измени. Меѓутоа, со самото уставно решение е дадено дека треба да биде избран претседател на државата кој што треба да постигне цензус во првиот изборен круг од 50%, а во вториот изборен круг 50% од вкупно запишаните гласачи на Република Македонија. Таквиот цензус практично стана во вториот дел, изборниот цензус од 50% практично стана голема пречка и носител на многу негативни појави во изборите за претседател на државата, а тоа значи за да постигне таков цензус правени се многу компромиси, поточно речени трули компромиси, правени се многу договори на штета на општествената заедница, а исто така во тој период има и познато полнење на кутии. Значи таквиот цензус во вториот круг и таквите решенија во Уставот практично доведуваат до негативни процеси во односите во општеството и во самиот систем на државата. Таквиот цензус пак оневозможува доколку се развиваат демократските процеси во државата, ќе се оневозможи практично да се спроведе изборот и во првиот и во вториот круг на изборите. Тоа значи дека се дава можност во еден временски период државата да остане дури и без претседател, тоа значи државата да остане и без Врховен командант, тоа значи дека нема да има човек кој ќе го води Советот за безбедност, да нема човек кој ќе ги назначи најважните ресори во државата каде што има компетенција како претседател на државата како што се Народна одбрана и низа други, исто така да нема човек кој ќе ги ратификува законите кои ние ги донесуваме во Парламентот. Тоа знажи дека постои веројатност и да се блокира работата на Парламентот”.

И понатаму продолжува дискусијата, меѓутоа, ова сакав само да ви го прочитам, еден мал дел од дискусијата за иницијативата, каде што се гледа колку е актуелно и во 2005 година и во низа процеси во текот на целата наша парламентарна пракса и се размислува, за да се намали цензусот во вториот круг на гласање. Еден од можните предлози е тој цензус да биде воопшто слободен, што значи во вториот круг да се избере претседател кој има најголем број гласови освоени и дадени од страна на граѓаните. Ова е особено важно ако се направи компаративна слика во соседните земји, на пример во Србија и

во други земји, каде што не се постигна саканиот цензус и се направи еден вакум. Значи ние имаме повеќе варијанти на овој систем да предвидиме и затоа е добро сите овие предлози со должно внимание да се разгледаат од овој законодавен дом. Не се губи ништо од актуелноста и зошто сметам дека не е грешка дури и да се намали под 40%, имајќи ги предвид и сите други дискусии од моите колеги, затоа што ако во првиот круг цензусот е 50% тоа значи дека граѓаните излегле навистина масовно на митинг, навистина во голем број и со тоа се потврдува и легитимитетот на изборот. Ние знаеме, ако имаме два претседателски кандидата, сигурно дека сите 50% или во најдобра варијанта нема сите да му дадат доверба на еден човек, тоа е добро ако му дадат доверба на еден човек и во првиот круг се избере претседател. Меѓутоа, по правило во нашето политичко милје се случуваат избори каде два претседателски кандидати имаат освоени гласови. Ако се поделат 20-30%, нормално е во второто круг да не се постигне цензус дури и од 40%, што значи дека ние во нашиот Устав дали треба да му дадеме легитимитет на тој човек.

Како претставник на Социјалистичката партија ќе гласам овој предлог да оди во натамошна процедура, меѓутоа, добро е да размислиме дека во идниот период сигурно е потребно овој цензус да го намалиме, без разлика дали некој сака да смета дека со тоа ќе се оневозможат помалите етнички заедници да дадат свој придонес, или пак тоа ќе биде во рамките на некои политички пазарења. Редно е во еден политички континуитет да се размислува и за една варијанта тој цензус во вториот круг можеби и да не биде 40%, што мислам дека неминовно и во наредниот период тоа ќе се случи, самата пракса ќе го покаже тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Благодарам господине претседател.

Почитувани колеги, веднаш да кажам дека во принцип не сум за итни, за брзи носења на закони, уште помалку за Устав. Како правник верувам дека тоа има сериозни импликации врз политичкиот систем во целина. Се она што ќе го донесеме набрзина дали било закон, дали било Устав, не сме во состојба или не сакаме да ги предвидиме импликациите од еден таков чин. Станува збор за Уставот со кој се утврдуваат темелите на едно општество, на македонското општество, се уредува структурата на државата и многу други прашања кои се неопходни од функционирањето на едно демократско општество. Затоа во принцип не подржувам иницијативи кои произлегуваат од политичка прагма. Тоа не се однесува само за сегашната Влада и за оваа измена на Уставот. Ако сакате многу години наназад и го менувавме Уставот и носевме закони, секогаш тргнуваме од практична причина дали тоа нам ни одговара како политичка партија која што сме на власт, а не дали тоа и какви последици ќе има врз функционирањето на политичкиот систем во целина.

Се согласувам со сите аргументи што беа изнесени овде дека ни треба сега услови уставни да избереме претседател на држава, меѓутоа, многу повеќе ни треба темелно проучување на функционирањето на системот и како се реализира Уставот, па да видиме навистина на една каква критичка анализа дали нешто во едно општество какво што е нашево сега после 17-18 години на политички плурализам функционира добро и дали во тие рамки треба нешто да се менува. Никој не тргна од тоа како се остваруваат функциите на претседателот. Говорам сега, еве и оваа иницијатива, па критички да гледаме, дали сите оние функции на претседателот што се наведени во Уставот во сферата на надворешната политика, во сферата на одбраната, ако сакате во судството, уставното судство, дали се остваруваат успешно и врз основа на една таква анализа да изградиме став што треба да се менува и во која насока да бидат промените. Ќе речете пак еве сега мораме, надвор од сите теоретизирања, да избереме претседател на джавата. Тоа е точно, ама зарем тоа го знаеме од вчера или од завчера кога ја поднесовме иницијативата, или Извештајот на ОБСЕ за претседателските избори во 2004 година денес го дознавме или пред 10 дена? Тоа го знаевме уште пред 4 години и нешто повеќе, зошто не ја почнавме иницијативата, па да ги консултираме и Уставниот суд, Уставниот суд следи како се остварува Уставот, му укажуваат луѓето преку конкретни одлуки кои се слабостите на Уставот, па да направиме експертска дебата, да ангажираме невладини организации, политички партии, да отвориме една критичка расправа врз реализацијата на Уставот и да видиме каде таа се менува. Еве ќе ви кажам од една мошне прагматична причина. Отворајќи постапка, бидејќи следната точка ни е Изборниот законик, за промена на Уставот, и измените кои се предлагаат сега во Изборниот законик, мене ми се наметнува една потреба да се промени Уставот во делот во кој ќе треба да се менуваат некои прашања што се однесуваат за Изборниот законик. Дали можеме да разговараме и за тоа. Значи не можеме. Соочени со фактот тесно е, времето е кратко, мораме да делуваме многу побрзо ако сакаме да имаме регуларни избори.

И веднаш да кажам, регуларни избори за мене не се ако го скусиме цензусот на излезеност на гласачите за избор на претседател и тогаш ќе сме имале регуларни избори, демократски, фер, нема да има насилства, нема да има полнење кутии. Нема врска таа работа. Пак ќе има нерегуларности, пак ќе има полнење на кутии. Тоа зависи од нашето ниво, од политичката култура и од преголемата желба по секоја цена да се има власт и да се има свој човек за претседател на државата. А не како да избереме успешно претседател на држава, со кредибилитет, со авторитет.

Нам, секогаш политичката прагма, политичките поени, власта или желбата да имаме свој човек сме доминантни над, да речеме, одговорноста што ја има политичкиот фактор во Македонија за тоа како функционира политичкиот систем. Нема ниту некоја назнака што и какви импликации ќе има промената, да речеме, на цензусот врз функцијата Претседател на држава. Дали нема ништо да се менува на тој план? Дали авторитетот ќе остане ист на претседателот на државата. Се сомневам. Затоа што ако не го избереме претседателот и со 40%, дали ќе одиме и понатаму да го менуваме Уставот на 30% излезезеност? Па ако тоа не биде па 20%, па 10%, дали ке лицитираме и постојано ќе го менуваме Уставот?

Мислам дека е тоа наш неодговорен однос кон највисокиот акт во државата, нормативен акт во државата. Затоа мислам дека ни требаше минимум анализа што ќе покаже дали не треба нешто посериозно да се менува и околу надлежноста. Тука доста колеги кажаа дали треба да се скусат или да се продолжат функциите на надлежноста на Претседателот на државата.

Секогаш тргнуваме обратно. Наместо да се менуваме самите себе си, го менуваме Уставот. Одиме по линија на помал отпор. Зошто? Заради тоа што ова што се случува на изборите, сите, парламентарни, локални, па и претседателски, не ни е виновен Уставот. Ние. Како политички партии ние ја создаваме атмосферата таму. Ние ја водиме изборната игра. Од нас зависи регуларноса на изборите. Ако сакате и на овие.

Значи, суштинското прашање за мене, кога разговараме за измена на Уставот во деловите што се однесуваат за цензусот на излезеноста, за избор на претседателот, не е вистинското прашање. Вистинското прашање е зошто граѓаните не излегуваат на избори? Зошто се плашиме дека и на овие избори нема да излезат доволен број на граѓани? Значи, не е нормата виновна. Ние сме виновни.

Зошто, како политички партии не ја земеме одговорноста па да ги мотивираме граѓаните да излезат на избори. Имавме ситуација кога на досегашните избори имавме мала излезност и во вториот круг насилство, ама не се запрашавме ништо дали треба кај нас да менуваме, како политичари, како политички партии. Најлесно ни е ќе го промениме Уставот, ќе го промениме цензусот.

Јас ве уверувам, ако сме одговорни луѓе, како политички партии делуваме во рамките на Уставот, со граѓаните соработуваме, ги мотивираме граѓамните да излезат на избори да изберат претседател на држава, бидете сигурни дека тоа ќе го направат. Не е проблем цензусот 50% + 1. Ние не сакаме така.

Второ, сакаме по секоја цена “наш човек” да биде претседател. А не да биде Претседател на држава, кој според нашиот Устав е персонификација на граѓаните. Со својот авторитет зрачи, со довербата пред граѓаните, независно од партиската определеност. Дали сме способни во Македонија денеска да разговараме за непартиски човек? Ние сме способни до крај да дискредитираме секој човек кој не мисли како нас. Кој не мисли како нас, кој не е со нас, тој е против нас. Тоа е владеачката логика во Македонија, за жал. Тоа ништо друго не говори туку дека имаме мала, скромна, недемократска и елементарна политичка култура.

Значи, проблемот е сепак кај нас. Колку сме ние како политичари одговорни, зрели, да промислиме дека ќе треба да избереме претседател на држава што ќе ја претставува државата, Република Македонија. Двата циклуси на назад, изборни, едната политичка партија што го имаше, говорам од доминантните стожерните партии, во коалициите во Македонија, не го почитува, затоа што од другата политичка партија. И обратно. Сега пак не го почитува бидејќи е тоа од конкуретскиот табор. Така, мислам дека само одиме на компромитација, јас би рекол и на демократските институции, а уште повеќе на функцијата Претседател на Република.

Со каков легитимитет ќе излезе претседателот на државата бидејќи има функции да именува амбасадори, кога говориме за надворешната политика, судии во Судскиот совет, судии во Уставниот суд, поставување генерали итн., и други функции што Уставот му ги дава, ако полека ние ја еродираме самата функција со фактот што го намалуваме цензусот на излезеност.

Почитувани колеги, да завршам со овој дел, јас не сум за тоа неаргументирано, неподготвено, без ни мала анализа на тоа да одиме кон промена на Уставот само заради тоа што треба дас имаме претседател на државата. Мене, на тоа ми се сведува. Нашата согласност, подготвеност да го менуваме цензусот за избор на претседателот, е само да имаме претседател. И тоа видете, да биде наш претседател, многу полесно избран. Бидејќи Владата, што сега го предлага решението, промена на цензусот, 2004 година беше страшно против. Со овие аргументи со кои што сега јас говорам пред вас. Тогаш, моите колеги од ВМРО ДПМНЕ говореа - никако промена на цензусот, тоа ќе значи деградација на институцијата Претседател, тоа ќе го намали авторитетот, угледот итн. Сега имаме обратно. Од каде тоа салто мордале? Единствено од причината да имаме свој претседател и тоа ако може полесно да помине на изборите, без некои проблеми.

Ако бевме подготвени, ако мислиме дека сме одговорни како политички партии, тогаш немаше да ни се случи на овие избори, овие последниве, вонредниве парламентарни избори да има насилства, какви што немало во последните 15 години station наназад. Немаше да ни се случи и сега тие избори да ни биде каменот околу врат околу добивањето датум за преговори. Овие избори ќе беа оценети, како што се оценети не само од меѓународната заедница, од самите нас, невладини организации, како едни од најлошо организираните. Зарем тоа не е симптоматично за

нашето ниво, за политичките паптрии што ги организираме изборите, дека ни е многу скромна и парламентарната традиција, меѓутоа и политичката култура.

И сега, бидејќи не можеме тоа да го направиме ние, не можеме ние да се промениме, ајде да го промениме Уставот. И најлесно е. Не само Уставот, посегнуваме често пати по промена на закони и Уставот единствено од причина што тоа е полесно за нас. Значи, нашата политичка прагма е над државниот интерес што се реализира преку политичките акти што ги носиме и особено Уставот, со што се удираат темелите на македонското општество, па да видиме дали нешто треба да се менува во системот, во организацијата на власта, во односите меѓу себе.

Затоа инсистирав дека ни треба, барем за Уставот една скромна анализа како се оствaруваше функцијата Претседател на држава.

Второто прашање што го загатнав пред малку, а е директно поврзано и со Уставот и со следната точка Изборниот законик, мислам дека беше добро ако не се држиме само на овој дел, ако веќе немаме амбиции да направиме целосна анализа на остварувањата на Уставот, да видиме дали може во делот околу бројноста на составот на Македонскиот парламент да направиме некои промени. Или, да бидам поконкртен.

Македонското собрание брои 120 членови, со можност да брои до 140. Се отворија дебати околу тоа колку места треба да има дијаспората и колку треба да имаат малите етнички заедници во Македонија. Јас сакам да размисллуваме во насока дали Македонското собрание бидејќи е директно врзано со Уставот, затоа говорам како можност, ако навлезевме малку потемелно во анализа како ни функционира системот, ќе дојдевме и до ова прашање. Македонското собрание е необјективно и неоправдано многу големо. Од 120 до 140. Ќе ви кажам само една земја што е иста како Македонија и по територија и по број на жители по број на избирачи, како што е Словенија, има 90 членови на Словенечкото собрание. А ние ќе имаме, со овие можности 133. Ако имаме 120 пратнеици, тројца од дијаспората, уште 10 ако се постигне спогодба непосредно пред изборите од малите етнички заедници 133. Ние ќе имаме најголемо собрание според бројојт на жителите во централна и источна Европа. И, ако сакате и од некои земји што веќе стана членки на Европска унија.

Тоа ми дава за право да размислувам дека би било добро сега, ако е можно и таа тема да ја отвориме, па да видиме дали можеме да дојдеме до многу посреќно решение.

Немојте да ми забележите, меѓутоа, нема да изгуби на квалитет Македонското собрание ништо ако има 90 пратеници. Секогаш, во сите мандати наназад, во Собранието, особено партиите што ја имаат Владата, ја формираат, 50% од пратениците не се активни, јас би рекол интензивно активни, да дискутираат на теми, да полемизираат, да нудат решенија. Така што удобно си седиме, еден добар дел од пратениците во фотелјите, си примаме плати на товар на граѓаните, а Собранието не добива во квалитет. Напротив. Мислам дека губи во квалитет.

И, да завршам, мислам дека нам во овој момент, сепак ни треба, добро е, ова е прва фаза, јас мислам дека дури не е ни доцна ние сепак да направиме почеток, да отвориме постапка за промена на Уставот. Меѓутоа, да ги отвориме и овие прашања, па да видиме дали до моментот на започнување на постапката за избор на претседател нема да се постават како актуелни овие прашања за кои што говорам.

Почитувани колеги, мислам дека нема да најдете земја во Европа, нема таков пример каде се менува Уставот, каде се менува изборното законодавство, каде се менуваат правилата за игра четири ипол месеци пред изборите. Се менуваат правилата за избор. Тоа го прават само незрели и недемократски општества. Луѓе кои не проникнуваат подлабоко во своите задачи, како носители на власта, туку ајде, некако да направиме избори, да ја завршиме и таа работа, па после пак на ура, сите други прашања.

Според тоа, јас молам, ако е можно во понатамошниот тек на постапката и овие прашања, а претпоставувам дек ќе бидат забележани и по овие прашања да се отвори дебата. Да ја консултирам експертската јавност, да го консултираме Здружението на професори по уставно право или луѓе кои се занимаваат со уставното право, Уставниот суд, невладините организации. Да направиме една проценка на кое ниво од развојот сме на нашето општество и кои се тие приоритетни прашања. Бидете сигурни дека нема да избие на површина како најприоритетно прашање Претседателот на државата односно намалување на цензусот за избор на Претседател на државата. Јас сум длабоко убеден дека намалувањето на цензусот значи намалување на угледот и кредибилитетот на шефот на државата, кој и да биде, не е битно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика или процедурално госпоѓа Иванова Цветанка и Васко Шутаров за реплика.

Госпоѓа Иванова Цветанка процедурално, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Би побарала од вас пратеничката Радмла Шеќеринска, која е трета по ред за дискусија, според дисплејот, да ја поместиме во последните, затоа што во моментов таа се наоѓа во Суд во врска со процесот помеѓу неа и господинот Лазар Еленоски околу признавањето на господинот Лазар Еленоски за тоа што беше проблем со името и прифаќањето на Груевски од страна за промена на името. . .

**Трајко Вељаноски:** Добро, го разбрав вашето барање . . .

**Цветанка Иванова:** Затоа ве молам, ако сакате, а секако дека би требало, да ја поместите да дојде меѓу последните дискутанти, за да не го изгуби правото да зборува по оваа важна точка.

**Трајко Вељаноски:** Вака, согласно вашето барање, сепак треба да се консултира Деловникот, според кој што не може да се изврши промена во редоследот.

Но сепак, да го удоволиме тоа барање, кога ќе дојде до неа, јас ќе ја прекинам седницата, ќе ја закажам во доволен временски период за да може да присуствува. Инаку, не може да се помести надолу. Деловникот го ограничува тоа право, не дека не сакам. Го ограничува правото.

Продолжуваме понатаму. Во секој случај ќе биде удоволено делумно барањето.

Реплика има господинот Шутаров Васко, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги,

Внимателно ја слушав дискусијата на почитуваниот колега Петковски. Во едно можам да се согласам со него дека процедурата на избори и изборниот инженеринг е многу важна работа за водење на изборите.

Постои една мисла на еден американски социолог дека не постои земја во која што политичкиот натпревар се одвива на рамен терен. Значи, не постојат идеално усовршени изборни модели. Ако би постоеле тогаш, секоја земја би го препишала како рецепт најдобриот можен изборен модел.

Но, едно сакам да прокоментирам, а тоа е едно длабоко несогласување во врска со дискусијата на почитуваниот Петковски дека со промената на изборниот цензус од 50% на 40% се доаѓа до промена на институционалниот дискурс или промена во односите на поделбата на власта, во што не можам да се согласам.

Имено, цензусот од 50% сепак го смета за еден рецидин од едно подруго време. Кога ги правевме првите темели на Уставот сигурно не почнавме од празен ллист на хартија. Цензусот од 50% се потрудив и го најдов во земји, освен нашата, во Белорусија, Русија, Грузија, Киргистан и Таџигистан. Значи цензусот според кој што уставно претседателот се детерминира со излезност од50% + 1 го има само во овие земји. Во Австрија, Хрватска, Кипар, Финска, Франција, Ирска, Полска, Полска има еден од најстарите европски модерни устави, Португалија, Словенија и Словачка, таков цензус не постои. Во остатокот од државите претседателот се избира во парламентите, како што е случајот со Албанија и во четвртата група се земји во кои што монархот ја има улогата на оваа институција.

Значи, не се согласувам со вас дека цензусот е битна причина за нов институционален дискурс. Во тоа апсолутно не се согласувам.

И, не се согласувам со тоа дека изборот на претседател треба да има карактеристики на плебисцитарно или референдумско изјаснување. Сепак сметам дека условите во кои живееме треба да ги почитуваме. Времето во кое живееме исто така треба да го почитуваме. Политичката прагма или, како што љубат да кажат моите колеги од опозицијата, легалитетот исто така треба да го почитуваме и насоките што ни доаѓаат од надвор како што е Институтот “Идеа” од Стокхолм исто така да го почитуваме. А еден од постулатите што се кажуваат во тој институт е дека не треба да им робуваме на старите формули од изборните политички системи и не треба да сметаме дека изборниот систем е универзален лек за секој политички проблем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Петковски Тито, повелете.

**Тито Петковски:** Па еве, токму поради тие причини што ги спомна господинот Шутаров и каде спаѓа во кој ред на земји спаѓа и Република Македонија. Онака како што ги организираме изборите, така и котираме во развиениот свет во Европа. Не случајно сме и таму каде што сме сега.

Второ, ако навистина намалувањето на цензусот не значи делегитимизација извесна на функцијата Претседател на држава, ајде тогаш да разговараме за обсегот, содржината на неговите функции. Зошто тогаш Уставот му дава толку големо значење на претседателот на државата да се бира на непосредни избори и дава така значајни функции во сите сфери на животот. Тоа значи дека тежината на функцијата имплицира и многу построг изборен систем. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Беџети Блерим, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам почитуван претседателе.

Почитувани присутни,

Предлогот за пристапување кон измена на Уставот за мене и за ДУИ е за нас, како последица на институциите како што се ОБСЕ, ОДХР итн., што за нас се респектибилни и го пожитуваме шот ни е укажано. Познато е дека тие препорачаа дека треба да се изнајде некој модел за да нема нерегуларности или недоследности какви сме ги имале.

Во политичката клима, мислам дека е и можеби државен интерес, иако во политичките теории може да има многу причини за и против дали треба на овој начин да постои овој цензус или некоја поголема интервенција во однос на сето ова.

За една држава што претендира да биде демократска држава и зачленета во НАТО и Европската унија е многу недемократски и несфатливо да има оспорувања какви што ги имаме во нашава политичка клима каде едната страна го спори претседателот на државата, а од друга страна другата. И ова не оди во прилог на државните интереси, ниту на политичките субјекти

кои во одредени периоди раководат, или владеат со државата.

Јас користам можноста, некој сакаше да го искористи ова дека со намалување на цензусот во вториот круг од 40% нема да има легитимитет и според законот да се избере пред се идниот претседател, се потрудија да се укаже на тоа дека ќе се обледи влијанието, или гласот на Албанците. И за ова има многу причини за и контра кои можат да се расправаат. За нас како ДУИ воопшто не стои до крај тоа дека се обледува политичката тежина на Албанците, имајќи ги во предвид многу компоненти во оваа насока кои се во функција на избор на претседателот. Ние ова го сфаќаме како да се избегне можноста за да има политичка криза и над се идниот претседател да има полн легитимитет како што ќе го има од граѓаните и од политичките субјекти и да не биде негиран, оспоруван. Исто така, овој предлог за измена на Уставот доаѓа и како резултат на лидерската средба каде има консензус за ова решение каде можеби ретко има вакви консензуси и ценам дека треба да се создаде една политичка клима. Со самиот факт, бидејќи има консензус од една страна, а од друга страна да не се продаде тоа, дека се деградира институцијата претседател на државата итн. Бидејќи е постигнат тој консензус би било сходно и пред јавноста институцијата претседател на државата сегашен, или идниот да го зајакнеме уште повеќе согласно уставните ингеренции и да има полн легитимитет. За нас како Демократска унија за интеграција позначајно е тоа да се отстранат нерегуларностите кои се јавуваат при изборните процеси, а не после кога некому ќе му одговара да излезе и да се оправда дека тоа е резултат, дека во албанскиот дел имало полнење кутии и слично. Полнење кутии без помошта на државните институции не може да има и одговорноста треба да се бара во државните институции, тие кои создаваат инфраструктура можат да полнат кутии. Како што беше случајот, можеби како најлош пример од последните парламентарни избори каде може да се рече дека разни активисти направија прекршување на закони. И тогаш и сега го велиме тоа, дека тие тешки прекршувања на изборниот процес беа како резултат на институционалната помош која им се укажуваше дека еден, или два проценти од територијата и 0,5% доколку има нерегуларности, ако е од спонтан карактер итн, сосема е во ред дека државните институции не можат да контролираат се, се што се случува и спонтано. Но, ако се до тие сразмери какви што беа на последните избори, а ние се надеваме дека надлежните институции ќе преземат соодветни мерки да укажат до граѓаните и до сите надлежни лица кои се носители на институциите и кои имаат директни, или посредни импликации во изборните процеси да не се осмелат и да ни се повторат состојбите како што ни се повторија, бидејќи тешко го оштетуваат имиџот на Албанците, исто така го оштетуваат и имиџот на Република Македонија. Затоа ние ќе го подржиме овој предлог за пристапување кон измена на Уставот и се надеваме дека и институцијата претседател на државата ќе има потребен легитимитет како што ќе го има од граѓаните на земјава, исто така и од политичките субјекти. Ќе постапиме согласно препораките на ОБСЕ, ОДИХР. Мислам дека ќе создадеме предуслови како што се плашевме порано и сега нема да дозволиме кога сега веќе повеќе од секогаш ни е потребна една институционална внатрешна стабилност, иако и така сме назад во неколу чекори кон Европската унија и НАТО, барем во овие идни, престојни претседателски избори да излеземе помоќни, појаки, согласно Уставот и законот и да не создадеме простор, или празнина да имаме проблеми и нерегуларности. Уште еднаш, Демократската унија за интеграција ќе ги подржи овие предлог иницирања за уставни измени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господиниот Бесим Догани, повелете.

**Бесим Догани:** Благодарам претседателе.

Во својот говор господинот Беџети на општ начин погоди неколку теми. Се подразбира дека има делови каде што и јас се согласувам со него, се сегласувам дека во Македонија и е потребна стабилност, на Македонија и се потребни коректни, фер избори без инциденти, на Македонија и е потребен претседател на држава кој што навистина ќе биде претседател на државата. Значи, ние како гласачи, или бирачи, или ние како Парламент не можеме на претседателот да му дадеме заслужено место, или ингеренции и се подразбира дека таа позиција треба самиот да си ја заземе и да биде претседател. Зошто го велам ова? Знаете дека претседателот на државата, за жал, не е претседател на сите Албанци години со ред во Република Македонија. Ова го покажуваат многу работи, затоа што претседателот на државата во сите прилики е заштитник само на Македонците, а не на Алабанците, почнувајќи од најбанални случаи на аболиција, или случаи на соодветно и правично застапување на кандидати во неговиот кабинет, набројуваќи ги тука и инвестициите, или пак спонзорствата што ги прави претседателот на државата било да е тоа при издавање на книги, или различни манифестации Албанците не се никако на агендата на претседателот на државата. Затоа оваа легитимност треба тој самиот да ја добие, со тоа што ќе стане претседател на сите граѓани.

Што се однесува на темата за која што говореше господинот Беџети, за бледнеењето на силата, или на моќта на Албанците при изборот на претседателот на државата, не се согласувам со тоа, затоа што знам дека нему му се познати првичните предлози кои што опфаќаа еден многу понизок цензус од 40%. И во тој случај верувајте дека Албанците ќе беа фактор кој што немаше да биде одлучувачки за претседателот на државата. Ние како партија се согласивме со вториот

предлог кој што предвидуваше цензус од 40% и ние тука се гледаме како фактор кој што треба да учествува на овие избори, кој што треба да учествува при изборот на претседателот кој што се надеваме овој пат ќе биде претседател на сите граѓани.

И на крај, што се однесува на предлозите на ОБСЕ и ОДИХР, јас би му предложил на господиниот Блерим кој што учествува во парламентарното мнозинство да предложи на министрите кои што ги избрал тој, да бидат поагилни, поправични, поефикасни и да не прават селективни затворања и притворања, затоа што сите тие што правеле прекршоци во текот на изборите ќе излезат пред правдата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има господинот Блерим Беџети, повелете.

**Блерим Беџети:** Ви благодарам.

Иако не знам колегата дали ја искористи можноста да се јави за дискусија, или за реплика. Но, и покрај тоа мојата дискусија беше согласно дневниот ред. И ако е овој лош предлог, не знам зошто го подржавте истиот.

За актуелниот претседател од медиумите слушнав дека благодарение на понудата која ја даде Бранко Црвенковски, ДПА се враќа во Собранието. Значи, некогаш е добар за вас, а некогаш не е добар. Ова е ваш проблем, тоа не е наш проблем. На Македонија и треба една стабилна Влада и стабилни институции. Што прават нашите министри кажа народот на последните избори. А што направивте вие, кажа народот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Надица Танчева-Тулиева, повелете.

**Надица Танчева-Тулиева:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници, денес на дневен ред го имаме Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и поради тоа се јавив за дискусија за да го искажам своето мислење по однос на овој предлог. Како член на Комсијата за уставни прашања, а исто така на вчерашната и денешната седница, слушнав дискусии од многу мои колеги и колешки пратеници чие што мислење нормално го почитувам, но сметам дека по однос на вакви сериозни теми и ние како пратеници треба многу посериозно да се однесуваме со оглед на важноста на овој предлог. Оваа тема сите знаеме дека беше мошне експлоатирана во јавноста и граѓаните на Република Македонија многу добро знаат за каква измена на Уставот денес ние зборуваме. Исто така, сите сме сведоци дека по однос на ова прашање се постигна и политички договор помеѓу најголемите политички партии на лидерските средби. Дискусиите од типот дека со ваквата промена која што ќе ја правиме во Уставот, ќе направиме промена во политичкиот систем на Република Македонија како држава со парламентарна демократија, со полупретседателски систем и намалувањето на цензусот на 40%, дека ќе го намалу кредибилититет на оној кандидат за претседател кој што ќе биде избран за претседател на државата, дека неговиот кредибилитет ќе се намали, според мене воопшто не е така. Како прво ние не треба да правиме забуна кај македонската јавност и треба прецизно и јасно да кажеме какви измени во Уставот ќе правиме. Имено, ние не правиме измена во одредбите кои што се однесуваат на организацијата на власта во Република Македонија, ниту пак правиме измени кои што се однесуваат на одредбите во Уставот на Република Македонија , а кои што ги регулираат ингеренциите на претседателот на државата. Намалувањето на цензусот воопшто не значи дека ќе се намали кредибилитетот на оној кандидат за претседател кој што ќе биде избран за претседател на државата, затоа што може да се случи претседател да се избере уште во првиот изборен круг. Доколку има и втор изборен круг нормално двајцата кандидати за претседатели на државата веќе се имаат стекнато со кредибилитетот или легитимитетот со оглед на фактот што веќе влегле во втор круг и добиле навистина голем број гласови од избирачкото тело, односно од гласачите во Република Македонија. Значи, ова намалување на цензусот на 40% го правиме за да имаме успешни избори, да не ни се случи да не избереме претседател и да не предизвикаме уставна криза во државата. Треба да бидеме како пратеници прецизни и јасни и да кажеме пред јавноста што ќе менуваме во Уставот, зошто треба да го направиме тоа и што ќе постигнеме со тоа. Како прво, она што ќе го правиме односно измената на Уставот се однесува на намалување на цензусот од 50% плус еден гласач на 40% во вториот изборен круг. Зошто треба да ги направиме овие измени? Последните два циклуса на претседателски избори сите сме сведоци дека навистина имавме големи критики од страна на меѓународната заедница. Јас како пример ќе ги земам последните претседателски избори кои што беа одржани во 2004 година и сите знаеме дека во првиот круг на еден начин се водеше една мртва трка помеѓу двајцата претседателски кандидати на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Но, веќе во втоиот круг на избори за претседател, ние бевме сведоци на многу нерегуларности од типот на полнење на гласачки кутии, потоа изборни насилства, па дури што беше мошне интересно и симптоматично што некои невладини организации кои што беа мошне блиски со тогашната владеачка гарнитура правеа одредени притисоци на граѓаните не само да излезат да гласаат туку им сугерираа за кој претседателски кандидат треба да го дадат својот глас. Поради сето тоа ние во 2004 година добивме извештај од ОБСЕ и ОДИХР во кој што бевме критикувани токму за нерегуларностите кои што ни се случуваа во вториот изборен круг. Значи ние од ОБСЕ, ОДИХР имавме и препорака да го намалиме цензусот во вториот круг за избор на претседател на државата. Исто така и многу од

експертите во Република Македонија укажуваа на тоа дека често цензусот е една од причините поради која што ние многу често добиваме негативни извештаи и критики од страна на меѓународната заедница. Доколку се направат овие измени во Уставот, а јас се надевам дека ќе се направат, ние ќе исполниме како прво еден од бенџмарковите, или критериумите кои што треба да ги исполниме. Потоа, ќе ја зголемиме довербата во изборниот процес, ќе направиме една многу порелаксирачка атмосфера во која што ќе ги мотивираме граѓаните на Република Македонија да излезат во што поголем број и да си го остварат своето со Устав загарантирано право на глас регулирано со членот 22 од Уставот на Република Македонија. А потоа ќе ги прифатиме и мислењата на експертите во Република Македонија, а исто така и ќе ги прифатиме препораките на ОБСЕ, ОДИХР. И според мене најважната работа што ќе ја направиме е што сите и позиција и опозиција ќе докажеме и пред нас самите и пред меѓународната заедница дека ние како држава сме достојни и дека можеме да организираме фер и демократски избори.

И на крајот јас се надевам дека денес согалсно членот 131 од Уставот на Република Македонија ќе имаме двотретинско мнозинство и ќе донесеме одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Славица Грковска-Лошкова, повелете.

**Славица Грковска-Лошкова:** Благодарам претседателе.

Јас би сакала кога дискутираме и кога даваме аргументи особено кога станува збор за измена на Уставот да бидат тоа вистински аргументи, а да не се зборува паушално заради политичка пристрасност. Во ваква ситуација сум принудена да ја потсетам јавноста дека за прв пат крвави избори во Македонија имавме за време на претседателските избори кога сега веќе починатиот господини Борис Трајковски ја доби на таков начин својата функција претседател на државата, заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ заедно со ДПА спроведоа насилни избори во Република Македонија кои ги сметаа за терк како треба да се освојува власта во Република Македонија. И тоа го покажаа и на наредните локални избори кога на истиот начин се однесуваа во текот на изборната кампања.

Сега повторно да ве потсетам. За парламентарни избори нема цензус. За локални избори нема цензус. Значи, начинот на однесување на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ и ДПА не е врзан директно со цензузот од 50% за тоа како треба да се организираат избори. И заради тоа и овој пат на овие последни парламентарни избори и покрај тоа што цензусот ваков, да речам од 50% не е условo за станување на пратеници, или за добивање на власта. Ние имаме најлошо организирани избори во Република Македонија заради дилот помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА да се освојат што е можно повеќе пратенички места. Значи прашањето е во кодот на политичките лидери и во однесувањето на партиите. Повторно ќе потсетам, кое почна благодарение на договорот меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДПА за тоа како да се најде терк со кој што ќе се добиваат избори и со кои што ќе се владее вечно во Македонија. Ваши функционери од извршниот комитет тогаш после претседателските избори 2000-та година тврдеа дека веќе го нашле теркот како ќе владеете 50 години во Македонија. За среќа, 2002 година се покажа дека не сте во право и од тогаш немаше никакви проблеми на изборите се додека вие повторно не дојдете на власт. Вие треба да го смените кодот во однесувањето и да спроведете демократски избори во Република Македонија, а не избори со кои што се срамиме насекаде во светот пред сите меѓународни институции.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика госпоѓа Надица Танчева Тулиева, повелете.

**Надица Танчева Тулиева:** Благодарам претседателе.

Почитувана колешке, мене навистина ми е драго што јас и ти во целост се согласуваме, значи вие се согласувате со мојата дискусија. Точно и вие како опозиција и ние како власт треба да ја направиме оваа промена на цензусот на 40%. Очигледно според вашата дискусија вие со тоа се сложувате и така како држава да докажеме дека можеме и сме достојни да направиме фер и демократски избори.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме со работа во 15,00 часот.

(Пауза од 13,20 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,19 часот).

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам претседателе.

Дозволете ми да се извинам на пратениците за паузата која моравме да ја побараме. Координаторот на нашата пратеничка група и јас замоливме да се промени редоследот на дискутирање и претседателот ни укажа дека тоа е спротивно со Деловникот и тоа го почитувам. Моравме, заедно со уште двајца колеги пратеници да заминеме на судење во Општинскиот суд заради една, по мене смешна пријава од страна н апоранешниот министер за одбрана. Но, тоа е друга приказна за која претпоставувам ќе дискутираме кога ќе биде и резолуцијата за името, бидејќи целата претстава на тужење, од страна на поранешниот министер за одбрана, се должи на неговата грижа на совест дека за разлика од сите министри во Владата на Груевски ...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам да преминеме на темата што ја имаме на дневен ред, на Уставот на Република Македонија.

**Радмила Шекеринска:** Бсе согласувам ама бидејќи во Уставот се покренувани овие прашања, јас сакам само да спомнам дека тој беше единствениот кој на јавноста и објавил дека нашиот тогашен и сегашен премиер се согласил на промена на името и за разлика од дискурсот кој го има кон македонската јавност, кога говори дека е единствениот бранител, во рамките на својот тесен круг на министри сепак признал дека на Самитот во Букурешт се случиле и некои работи за кои не сакаше да говори пред јавноста. Нејсе.

Она што сакав да го спомнам за судскиот случај против нас е дека во Република Македонија ни се случува, пратеници кои би требало да добијат приватни тужби, во случајов, и кои се испратени до Собранието на Република Македонија, по некоја многу чудна околност, да не можат да ја добијат поканата. Бидејќи е тука и министерот за правда, можеби еве тоа ќе покаже докаде сме стигнати во реформите на судството. Знаете како, да ви се јават половина час пред закажаниот термин на суд, новинари и да ви кажат, знаете како, треба да идете на суд и да ви кажат дека таа информација ја добиле од МИА, а притоа луѓето кои треба да бидат на судењето да не ја добиле поканата, а се пратеници во Собранието, значи точно се знае каде може да не најдат, тоа навистина говори дека за реформи на судството говориме, но не ги спроведуваме.

Би ве замолила господине претседател на Собранието тоа да го проверите. Наводно поканата била доставена до Собранието, но собраниското обезбедување не им дозволило ниту да ја предадат поканата , ниту да се сретнат со нас. Јас сметам дека тоа е кршење на моето право како граѓанин, не како пратеник, да знам дека некој покренува кривична пријава. Да не беа нашите новинари толку агилни и да не ни кажаа по телефон, денес веста во македонските медиуми ќе беше дека јас и другите колеги бегаме од судсткото рочиште, бидејќи, нормално, не сме биле во право. Затоа би сакала, почитуван претседателе на Собранието, да замолам ако може, особено кога ни поднесуваат, бивши и сегашни министри, пријави, а тоа фала богу го прават секој ден со надеж дека ќе ни направат довоелн притисок, барем поканите да ги добиваме, ако ништо друго да не ни пресудат во отсуство.

Се извинувам за оваа интервенција ама сметав дека е важна да ја кажам.

Денешната ивчерашната расправа ја водиме за едно извонредно важно прашање.

Устав во ниту една нормална и сериозна држава не се менува секој ден, не се менув ани многу лесно. Ние честопати знаеме да ги цитираме државите во кои Уставот навистина е, како сакате, библија која не може да се допре и која се менува само во исклучителни случаи. Во држава како што е Република Македонија, нормално е дека и Уставот од време на време треба да трпи определени измени. За жал, мислам дека ние отидовме во другата крајност и ни се случува практично на секои две до три години да имаме уставни измени, што сметам дека покажува колку е стабилен  политичкиот систем во Република Македонија, колку лошо функционираат македонските институции и им покажува на македонските граѓани на бизнисмените, на потенцијалните инвеститори дека не можат 100% да бидат сигурни дека системот кој денес важи ќе важи и после 10 години или после 5 години. Тоа е реална слабост и на македонскиот Устав и на македонскиот политички систем.

Мислам дека оваа леснотија со каоја прибегнуваме кон измени на Уставот се должи главно на две работи. Едната е лоша пракса, а другата е заблуда на коај честопати наседнуваме.

Што подразбирам под лоша пракса? Нашата лоша пракса е дека во еден момент одредено прашање ќе стане многу актуелно и ние брзо ќе решиме дека тоа прашање може да се реши само со промена на Устав, ќе влетаме во брза промена на Уставот,  таа брз промена ќе ја направимескокајќи 3-4 скалила од еднаш, нема да разговараме многу долго, бидејќи тоа за некого е губење на време, лоша процедура ќе избереме, ќе прескокнеме можеби и јавна расправа,  дебата, анализа и брзо, брзо ќе дојдеме, после лоша процедура и  лоша идеа, и до лошо решение. И во моментот кога го гласаме новоизгласаниот Устав нема да забележиме дека неколку други грешни или сем ги создале, или сме ги превиделе и тоа е еден волшебен круг. Брзото нсоење на закони не доведе до ова дереџе. Видете што се случува со 170-те закони кои ги донесе парламентарното мнозинство за два дена. Од тие 170 закони, на секоја седница имаме по 5-6 закони кои ги изменувате и дополнувате, не заради тоа што работата се променила, туку заради тоа што во јули месец, пред само два месеци, едноставно не сте воделе сметка, не сте ги читале законите, не сте ги анализирале, не сте слушале никакво туѓо мислење. Истата грешка ја правиме и со Уставот.

Втората причина зошто влегуваме често и лесно во измени на Уставот, тоа е нашата класична заблуда и нема да говорам сега дека несериозно се сфаќаат измените на Уставот, бидејќи половина од присутните, ако не читаат на компјутер или весник, разговараат. Главната заблуда е дека проблемот кој го имаме во македонското општество, сакаме да го решиме со тоа што ќе избришеме еден член и на крајот ќе напишеме друг, а при тоа никој од политичарите на власт не сака да го смени своето однесување. Тој тип на заблуди дека со промена на еден член, на Устав или на закон, ќе го решите проблемот, паѓа во вода. Колку пати се измени Законот, на пример, за јавни набавки, ние имаме се полоши и полоши јавни набавки и се повеќе и повеќе корупција за која отворено се говори. Колку повеќе се менува Законот, па еве и за Деловникот во Собранието, пак имаме проблем. Тоа е заради

тоа што нашите властодршци не сакаат да го изменат своето однесување. Понекогаш не се само тие што се на власт, понегогаш и тие што се во опозиција. Но треба за тие работи отворено да се говори.

Јас сакам прво да кажам дека во принцип ја подржувам најавена измена на Уставот, и сакам да кажам зошто тоа го правам.

Прво, не сметам дека со намалување на цензусот за избор на претседател се намалува легитимитетот на функцијата. Го кажувам тоа заради тоа што сметам дека за сите институции треба горе долу да важат истите правила на игра.

Ако овој Парламент и оваа Валда се легитимни, а тие многу често се избрани на избори каде што цензусот не е задовоелн, во нашиов случај немало такви, ама во други држави и тоа 40 или 30% од нив, тогаш нема никаква причина да сметаме дека легитимитетот на идниот претседатело на државата ќе биде намален со тоа што цензусот е намален.

Најгоелмиот удар врз легитимитетот, па и на сегашните институции, вклучително и Владата каде што тие се бираат од Собранието кое пак е избрано на извонредно насилни избори. Тоа позицијата нема да и го спори на Владата, ама тоа го намалува нејзиниот легитимитет, кога таа добила мандат од пратеници избрани на избори на кои имаше ансилство, повредени и многу многу оружје. Тоа што ќе се судат тие што се виновни за насилството, наводно, тоа што ќе се измени сега Изборниот закон, дај Боже, нема да ја промени таа реалност. Ние во 2008 ги имавме проблемите кои во 2006 година ги сметавме за елиминирани. Но, со оваа измена на цензусот Ќе се псотигне нешто друго и мислам дека е тоа позитивно, ќе се избегне ситуацијата од изборите во 2004 година кога едно видливо политичко малцинство, а тоа беШе тогашната опозиција и нејзиниот кандидат, ќе се обиде да го блокира изборот на претседател на тој начин што Ќе ги повикува своите поддржувачи да не излезат на избори. На тој начин Македонија може да биде постојано во некоја латентна лриза, никогаш да нема мнозинство, да се повтроуваат изборите, да имаме можност за насилство, да имаме можност за притисоци. Таа опција ќе се елиминира до колку го промениме цензусот, иако и тоа не е гаранција, утре некој може да ја руши и оваа 40% бариера, може со различни политички мерки да влијае на намалување на цензусот и под 40%, што значи повторно ќе видиме дека Република Македонија има проблем. Сметам дека тоа во 2004 година беше многу лоша политика која за среќа не беше докрај буткана од ВМРО-ДПМНЕ, сега постојат без број шпекулации во кој момент одреден број на пдоржувачи на ВМРО-ДПМНЕ сепак излегоа да гласаат и со тоа овозможија и да има избор на претседател. Меѓутоа факт е дека тогаш непотребно се создадоа тензии заради тоа што ВМРО-ДПМНЕ емитуваШе порака дека нејзините подржувачи можеби не можат да ги добијат изборите, ама можат да го спречат изборот на претседател. На тој начин секогаш одредена опозиција ќе ги блокира исntитуциите на системот и тоа е лошо.

Прво, сметам дека треба да се даде поддршка на овие измени на Уставот, и второ сметам дека овие измени на Уставот се задоцнети и како по правило, кој доцни обично двапати минува низ истата мака.

Неколку пратеници тоа го спомнаа, јас не можам да го пропуштам.

Оваа дебата, овие дискусии, оваа долга процедура на измена на Уставот немаше да биде потребна да не тераше ВМРО-ДПМНЕ во 2006 година ситна политика. Навистиан жалам заради тоа што и тогаш учествував во дискусиите, апелирајки до тогашните пратеници на ВМРО-ДПМНЕ дека треба да ги подржат измените на Уставот кои се однесуваат за судските реформи и кои предвидуваат намалување на цензусот, согласно препораките на ОБСЕ. Препоракит ена ОБСЕ и во 2006 година беа да се намали цензусот, или да се укине. ВМРО-ДПМНЕ тогаш одлучи да каже не на препораките на ОБСЕ, без образложение. Господата пратеници кои тогаш можеби и не биле во пратеничката група и во раководството на ВМРО-ДПМНЕ,нека поразговараат со своите коелги и ќе слушнат дека тоа беше едно од барањата на кое тогашната опозивиска партија кажа не. Јас не можам да сватам од кои причини. Мислам дека и тогаш грешно се пресметаа. Меѓутоа, тоа зборува дека некои партии во нашата политика си тераат партиски есапи, а некои колку толку водат сметка и за тоа што ни е заеднички интерес. Значи, ако ние се обидовме да го копираме ВМРО-ДПМНЕ во нивното однесување од 2006 година, сега оваа седница немаше да се одржува, или ќе излезеше Владата со ваков предлог, а ние ќе кажевме не. Јас сметам дека СДСМ навистина прави позитивен и паметен чекор што вели дека нема да се угледуваме на ВМРО-ДПМНЕ во периодот кога беа во опозиција заради тоа што тоа беше лошо за Република Македонија. Денес вашата Влада ќе иамше помалку тешка задача ако ја завршевте на време работата во 2006 година.

Се сеќавам дека првиот говорник, мислам дека беше манасиевски, спомна дека се работи за лицемерие од страна на владеачката партија. Јас тоа не би го крстела така. Јас сметам дека ВМРО-ДПМНЕ и нејзините први луѓе, особено премиерот, имаат историска одговорност за неколку прашања затоа што на две години го менуваат ставот, а ако бидам поотворена ќе речам,некогаш за помалку од два месеци го менуваат ставот. Тогаш препораките од ОБСЕ беа не битни. Денес препоракит ена ПБСЕ се обврзни. Пред две години преговорите со ЕУ требаше да ги почнеме веднаш, денес преговорите со ЕУ и за премиерот Груевски се небитни, иликако што би кажал тој во вчерашната изјава, премиерот на оваа држава не стигнал ниту да чуе што му препорачала Европската комисија. Стигна да снима спот, да биде присутен, стигна на 5-6 други места, не стигна да ја слушне пораката на главниот човек задолжен за Македонија во

Европската комисија. Но тоа, велам не е лицемерие. Тоа е неодговорна политика. Јас се надевам дека и со ваквото однесување на сегашната опозиција, ќе ви помогнеме да ја смените таа политика кај вас.

Последниот коментар што сакам да го кажам се однесува на еден од предлозите за кои говореа некои дискутанти. Мислам дека ова прашање околу цензусот има приоритет затоа што термините околу претседателските избори не газат и јас навистина се прашувам како ќе успееме да стигнеме, особено ако за секој фаза ни треба толку време и толку договарање. Но, таа процедура не треба да биде оправдување ако не прифатиме ниту да размислиме за некои предлози кои се даваат на маса. Сега е моментот за нив да се размислува.

Јас сакам да го кажам и мојот личен став дека темата околу двојното државјанство на нашите први функционери е прашање кое вреди да го ставиме на маса, вреди заради тоа што е повеќе од потребно во нашата ситуација. Ќе кажам неколку причини зошто.

Ние имаме ситуација во која поранешен премиер на нашата држава,не смао на Владата на ВМРО-ДПМНЕ , откако замина од таа позиција ни објави дека имал бугарско државјанство. Јас не носам никаква одговорност за господинот Љубчо Георгиевски. Ниту еднаш не сум гласала за негов избор како пратеник, ниту еднаш не сум гласала за негов избор како премиер, ама како граѓанин на оваа држава, јас се срамам што премиерот, четиригодишен премиер на оваа држава на крајот од својот мандат ни покажа дека бил лојален на две мајки, на две татковини, а не четири, дест години на глава ни се качи со неговата наводна македонштина. Сметам дека сега е моментот кога треба да кажеме дека таквото однесување не поминува.

Сите ние имаме многу контакти со граѓани, сега, пред избори, меѓу избори. Бев изненадена пред една година кога видов колку граѓаните на Република Македонија сеуште реагираат на тоа прашае и велат дека се чувствуваат предадени од институциите на државата кои дозволуваат такво нешто. Луѓе кои лесно земале туѓ пасош, нема да зборувам за природата на нашит еодноси со Бугарија. Фактот дек апреку ноќ земал туѓ пасош и дека прима плата од македонските граѓани каде огромен број од нив и покрај сите социјални и економски маки со кои се соочуваат, не земаат туѓи пасоши, тоа говори, господине кој што сте гласале за Љубчо Георгиевски имате одговорност за вашето однесување. Тоа говори дека некои работи во нашата држава не се како што треба. Значи, господинот Љубчо Георгиевски беше перијаницата на половина од оваа сала.

(Реакции во салата)

Многу сум на темата и немојте толку чувствителни да бидете.

**Трајко Вељаноски:** Таа предлага измени на Уставот во делот на двојното државјанство. Тоа е, а ние расправаме за предлог за пристапување на измена на Уставот. Нејзиниот предлог е да се измени не само за цензусот во вторито круг, туку и на двојното државјанство и на други рпашања што ги даде. Јас така ве разбрав. Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Јас ве разбирам на што се должи нервозата. Се прашувам дали пратениците кои вака жестоко реагираат на овој предлог, дали и тие можеби имаат уште по еден резервен пасош.

(Реакции во салата).

**Трајко Вељаноски:** Ве молам за ред во салата. Ве молам за тишина во салата, да ја сослушаме Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Се сеќавам на една ситуација кога ВМРО-ДПМНЕ во една многу лоша состојба во нашата држава и во партиите, реши отворено и јавно да се откажува од тогашниот македонски претседател Борис Трајковски, ама не сум го слушнала ВМРО-ДПМНЕ со ниту еден збор да им се извини на македонските граѓани што четири години биле под власт на премиер кој имал двоен бигарски пасош и да им се извини на македонските граѓани што одговорноста на државата ја ставиле во рацете на човек кој не знам од кои причини имал две татковини.

Денес можеме да водиме многу интересна дебата дали господинот Љубчо Георгиевски зема бугарско држвјанство заради тоа што сакаше да се скрие од својот криминал, па се чувствуваше безбеден со уште еден пасош или всушност Љупчо Георгиевски само дозволи после 2002-та да дознаеме дека има втор пасош. А тој можеби уште во деведесетите години кога ве собираше и кога тврдеше дека Конгресот ќе биде во Солун уште тогаш работел за туѓи интереси.

Почитувани колеги, сметам дека имаме проблем и ќе имаме проблем ако за ова прашање вие продолжите да молчите. Тоа ќе значи дека ВМРО ДПМНЕ и во моментов смета на луѓе кои што работат или се лојални на повеќе држави. Тоа ќе значи дека и во моментов ВМРО ДПМНЕ не е спремна да се откаже од наследството на Љубчо Георгиевски и неговата политика. И најважно од се, тоа ќе покаже дека некои слични такви луѓе ги водат конците во ВМРО ДПМНЕ. Јас не сакам тоа да биде така и се надевам дека за ова прашање ќе имаме дебата. И ќе кажете аргументи со кои што ќе подржите, дека ако граѓаните не гласаат од својот џеб, а во џебот имаат само еден пасош, ним тоа им го должиме и ние да не играме на сигурно. Бугарски пасош за да се спасиш од корупција, друг пасош за да се спасиш од одговорност, трет пасош за да бидеш лојален на некои други.

Сега актуелни се дебатите околу зачувување на македонскиот јазик и околу тоа се надевам, очекувам, претпоставувам, апелирам да имаме консензус, се разбира. Меѓутоа ми паѓа чудно, што истите луѓе кои велам не се откажаа од наследството на Љубчо Георгиевски, не се откажаа, ниту денеска се откажуваат. Истите тие луѓе кои денеска се чукаат во гради за одбрана на македонскиот јазик заборават дека иста

пратеничка група и даде подршка на иста ВМРО-ска Влада, во која беше и сегашниот премиер, да се откаже од македонскиот јазик, ама во билатералниот договор со Република Бугарија. И сега мене ми е јасно зашто бил таков договорот со Бугарија. Затоа што Љубчо Георгиевски морал да биде добар и со оние што му даваат пасош. Во тој момент господинот Љубчо Георгиевски беше широко критикуван. Меѓутоа денеска гледам истите луѓе со двојни или, не знам можеби и тројни државјанства, денеска повторно сакаат да кажат дека тие најдобро ќе ја бранат Македонија од другиве предавници. Е, па минатиот пат таков голем херој кој што ја бранеше Македонија од предавниците беше Љубчо Георгиевски и сите вие еден по еден сте се колнеле во него. 4 години поминаа се испостави дека тоа било голема лага и за вас можеби, ама и за сите нас и за граѓани на Македонија. Затоа ако сакаме да прекинеме со лошата пракса, ако сакаме навистина да кажеме дека македонските функционери, претседател, министри, пратеници, директори се лојални само на интересите на граѓаните на Република Македонија, тогаш ќе донесеме одлука со која што двојното државјанство нема да биде заштитен механизам на тие што сакаат да земаат плата од граѓаните, ама и да не ја делат нивната мака. Единствениот исклучок кој можеме да го направиме се однесува на тројцата пратеници кои што ќе ги избереме можеби од дијаспората. И тука никој нека не ги користи нив како исклучок или како оправдување. За нив можеби да имаме точно одредено поинакво решение во Уставот. Меѓутоа ако и ова се забошоти јас ве уверувам дека Парламентот со тоа ќе им испрати сигнал на сите платени од џебот на граѓаните дека можат да прават што сакаат и како сакаат, дека можат да имаат по неколку пасоши и дека нивната одговорност во принцип пред македонските граѓани и не е така голема, затоа што во клучниот момент ќе заминат преку граница. Затоа, се согласувам госпоѓо Бонева апсолутно, го носиме Уставот и носењето на Уставот ќе трае во следните 4 месеци. Ова е моментот кога може ако постои шанса за консесус и ова прашање да го додадеме на купчето на онсензус. Инаку, ако се само лидерските средби , а меѓу време на прифаќаме никаква идеја, тогаш дајте да немаме седници на Собрание. Меѓутоа, јас ве уверувам, ја чувме идејата, мислам дека вреди за неа да се размисли и јас сакам да кажам дека евеби подржала и едно такво прашање, сметам дека пратениците ќе имаат многу потешкотии да им објаснат на своите избирачи дека за ова прашање имаат различНо мислење. Зашто, немаше граѓанин, без разлика за која партија гласал кој не се согласи дека не може тие да имаат една опција, а вие, ние, , функционерите, министрите да си вадат пасоши кој како сака. Затоаа, сметам дека ќе покажеме одговорен однос ако и на оваа идеја и го дадеме должното внимание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор пријавен е господинот Ивановски Игор, но со оглед на тоа дека не е присутен во салата го губи правот на збор по точката што е на дневен ред.

Следниот за збор е господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски**: Благодарам претседателе.

Почитувани колеги пратеници.

Јас ќе се обидам да се задржамандман на темата која што ми е денес на дневен ред. Нема да навлегувам во анализа на парламентарната демократија во минатите 17 години, а веројатно врз база на одредени лични нервози и чувство за неразбраност на околината, затоа сметам дека треба да одбегнеме дел од дискусиите кои што тука се присутни во насока на наметнување исклучиво на едно темпо на работа кое што ќе треба да не отргне од правецот во кој што сме тргнати. Значи, јас можам да се согласам дека во Република Македонија долги години беа присутни дискусии во врска со начинот на избор на претседател на Републиката. Долги години било во пишана форма, било усно, било внатре во Собранието, било на разно разни форуми, дебати, невладни организации, падури и дел од политички партии беше опфатено ова прашање за начинот на кој што се бира претседателот на државата во нормална постапка во Република Македонија. Беа спомнувани повеќе идеи, повеќе варијации во смисла на тоа да се предвиди начин Собранието да има можност да го бира претседателот, до начни да се зголемат неговите ингеренции, да се намалат неговите ингеренции и тн. Меѓутоа, сите тие праШања кои што беа отворани досега во Република Македонија опфаќаа дилема која што навлегуваше во промена на системот на управување со државата, на системот на раководење со државата. Оваа промена која што сега е предложена од страна на Владата на Република Македонија, а врз база на лидерска согласност од страна на четворицата лидери на најголемите политички партии во Република Македонија, Никола Груевски од ВМРО ДПМНЕ, МендуХ Тачи од ДПА, господинот Али Ахмети од ДУИ и Зоран Заев од страна на СДСМ се плод на денешната расправа. Затоа, мене и по малку и ме чудат некои претходни дискутанти кои што практично се обидуваат да остават индувидуална интелектуалност или бне знам во која насока сакаат да ги движат дискусиите кои што припаѓаат на овие партии кои што ги спомнав. Можам да ги почитувам дискусиите на припадниците на помалите политички партии, меѓутоа за мене е чудно да се води дискусија надвор од одредена дебата која што беќе пратставува апсолвирано прашање. Значи, на тие лидерски средби долж и попреку што би рекол македонскиот народ се дискутираа сите алтернативи, сите опции, сите можности за оваа дискусија и она што излезе како производ од тој политички дијалог е предлогот кој што денеска го достави Владата. Не можамандман да прифатм дека припадници на тие политички партии газат на сопствените лидери меѓутоа тоа останува тоа

да си го анализираат самите политички партии и е работа која што можеби не треба во детали да навлегуваме.

Причините поради кои што  започнува оваа постапка за промена на Уставот во делот за избор на претседател односно намалување на цензусот од 50 на 40% се познати за целата македонска јавност, се познати и за пратениците во Собранието на Република Македонија. Значи, сите претходни циклуси за избор на претседател поминаа така како што поминаа, граѓаните многу добро знаат како поминаа, јас нема да се согласам со тенденцијата на некои колешки во Собранието да презентираат дека како два претседателски циклуси поминаа перфектно, одлично, а само еден бил проблеметичен, што навистина не е точно. Јас ќе  спонам во 1994 изборот на Глигоров кој што беше полн со прашалници, ако сакате во 1999 година со изборот на починатиот Трајковски и ако сакате конечно изборот на господинот Црвенковси кој апсолутно беше полн со прашлници. Нашето искуство во Македонија кажува имаме одреден проблем во поставеноста на начниот на избор на претседател. Од тука, јас го почитував многу дискусиите на одрени наши повозрасни колеги кои многу порано ги наментнуваа овие дилеми и се обидуваа да иницираат расправа за надминување на опасностите и на ризиците. Меѓутоа, еве, се изнајде начин како некоја алтернатива да се предложи варијанта да се намали цензусот на 40% . Иако партијата на која што јас припаѓам ВМРО ДПМНЕ иницираше вакви размислувања во насока на целосно остранување на цензусот како гаранција за успешност на изборите, ние прифативме една варијата која што беше прифатлива за сите 4  големи политички блока  во Република Македонија , иако искрено жалиме за тоа што не беше постигната дополнителна согласност за евенетутално дополнително намалување на цензисот, на 30, 33, и 35 % или пак не се прифати нашата иницијална идеја целосно да се остсрани цензусот како гаранција дека претседателските избори во Република Македонија ќе бидат и легитимни, ќе бидат и мирни, и фер и демократски. Зошто го размислувавме и ова?

Прво, ние имавме парламентарни избори, пред 4-5 месеци, претходно имавме други парламентарни избори во 2006 година, имавме претседателски избори, локални избори. Искуството кое што го собираме во овие 4-5 изборни последни циклуси говори дека заинтераноста на граѓаните на Република Македонија за активна партиципација во изборниот процес постепено се намалува. Тоа е процес кој сите кои што се занимаваат со политика било активно, било преку анализи во Република Македонија беа свесни дека ќе дојде како тенденција, така што имавме ситуација  на претпоследните парламентарни избори, на последните претседателски избори, последните локални избори, прагот на излезеност генерално во Република Македонија да се движи од 52 до 56 %, а во пооделни општини, зборувам за поголеми општини во Република Македонија дури не се ни надминуваше прагот од 50 %. Тука има низа фактори кои што реално ја создаваат ваквата ситуација. Прво, има граѓани на Република Македонија кои живеат надвор оод границите на Република Македонија, а благодарение на досегашната политика на другите полтички партии, да не споменувам имиња, немаа можност да го искористат со Уставот загранатираното право активно да партиципираат во изборниот циклус. Јас сум многу задоволен што успеавме конечно да добиеме согласност надвор од Република Македонија да биде организирано гласање за граѓаните на Република Македонија кои живеат надвор од границите. Тоа е еден фактор.

Друг фактор е  разочарувањето веројатно на граѓаните од страна на политичките партии, од страна на полтичките лидери,од страна на политичарите, пратениците, градоначалниците, советниците итн., што исто така е легитимен аргумент за кој што можеме да дискутираме.

Третиот фактор кој  што влијаеше на овие процеси е разочараноста од целокупната ситуација во поглед на политичка економска сфера итн. Ние имаме искуства во западните земји во зависност од општественото уредување, во зависност од општествената атмосфера, од една страна ги имаме САД каде што излезеноста на  претседателски избори се движи меѓу 80 и 90%, а овие денови слушнав дека се користеше како аргумент. Меѓутоа, имаме и многу европски држави каде што не се достигува границата од 50%. Вие знаете дека постојат и држави каде што државата со Устав вовела обрвска на граѓаните да учествуваат во изборни процеси, меѓутоа има и држави кои што сега размислуваат тоа да го направат. Нашиот јужен сосед е среде таквата дискусија иницирана од тамошниот премиер Караманлис, да размислува да воведе обврска граѓаните на таа држава да бидат задолжени да учествуваат во гласањето во процесто на избори. Имаме една фактичка ситуација и кога на тоа ќе се додадат негативните искуства од сите претходни претседателски избори, зборуваме за сите претходни претседателски избори, значи зборуваме и за изборот на господинот Црвенковски и за иозборот на покоен Трајковски иза изборот на господинот Глигоров, ќе видиме дека Република Македонија дури подолго време не се превземале активни мерки за отстранување на сите тие ризици.  Јас сум задоволен што Собранието најде храброст, најде сила да учествува во овој процес и да ги најде решенијата. Она што беше единсвтено возможно во ваквата политичка констелација во Република Македонија, а задоволува делот од надминување на  овие ризици е токму решнието кое што беше предложено за намалување на цензусот од 40%. Ние сите тука можеме да бидеме паметни, можеме да изигравме начитани, образовани, прошетани итн. , меѓутоа овој концепт зад кој што застанале четирите политички лидери односно

четирите големи политички блока во Република Македонија врз база веројатно на дискусии, на дебати кои што ги имале помеѓу себе. Ако дозволиме да ја водиме дискусијата што уште фали во Уставот , што уште можеме да надминеме, што уште можеме да разработиме е сосема легитимно и е за поздравување. Меѓутоа, е наразбирилво кога роковите се премногу тесни, верувам на сите желбата ни е следните претседателски избори, локални избори да бидат максимално фер максимално демократски, да ги надминеме сите забелешки кои што ги имале и кои што ги имаат меѓународните претставници вклопени како делови од новиот Изборен законик, да ги развлекуваме работите , да дискутираме сега за теми кои што едноставно нашите политички лидери преку дебатата внатре во партиите или не ги акцептирале како релеватни или не успеале да ги пласираат пред другите свои соговорници на една таква средба. Треба да се размислува и понатаму, треба да се бараат слабостите. Јас знам дека во Република Македонија на повеќе наврати имаше измени на Уставот и практично најефикасни и најпрецизни измени на Уставот се покажаа токму каде што имаше планирано зафаќање во минимален дел од Уставот. Јас ќе ве потсетам на една измена на Уставот во делот на рокот за односно во кои судовите можеа да ја изрекуваат мерката притвор. Институциите на системот беа во многи тешка ситуација во Република Македонија поради кратките рокови и судовите не успеваа да ги завршат истражните постпаки и имаше многу ситуации во кои не беше звршена истрага за кривично дело со тешки квалификативи и мораа да ги пуштаат на слобода притворениците итн. Со една мала интервенција во Уставот се прифати таквата пробематична ситуација без премногу широка дебата ви смисла на широчина на опфатот во кој што опфатот на дел во кои што би се измениле во Уставот беше решен тој проблем. Исто така и оваа постапка ја ценам во таа насока и ја поздравувам. Не велам дека немаме право да дискутираме и за други теми, меѓутоа мислам дека правецот во кој што успеавме овој пат да дојдеме до едно заедничко прифатливо решение за надминување на ризиците, Уставот и вметнување на забелешките на ОБСЕ и ОДИХР во Изборниот законик, исто така прифаќањето на можноста граѓаните односно дијаспората да гласа во понатамошниот период со надеж и другите политички партии дека ќе ја прифатат идејата и за загаратирани пратенички места за припадниците на помалите етнички заедници. Мораме вака да го водиме овој процес, поради тоа што изборното законодавство очигледно е многу осетлива тема. Во насока на неоптоварување понатаму на дискусијата јас ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Петковски Тито и госпоѓата Шеќеринска Радмила.

**Тито Петковски;** Благодарам претседателе.

Се јавив со намера да изразам несогласување со една теза на господин Димовски во делот кога говореше дека договорот на лидерите меѓу четирите најголеми партии во Република Македонија е императив за институциите. Мислам дека опстојувањето на оваа теза има две штетни пораки.

Првата е дека лидерите се се, членството и институциите ништо.

Второ, штетно, многу еродивно делува на внатрешно партиската демократија кај нас како предуслов за демократизација на општествените односи. Зошто? Јас и порано говорев, сега сакам да подвлечам. Собирањето на лидерите во Клубот на пратениците јас го нареков во една прилика договорна или договорена држава. Јас сум против изградба на таква држава. Ние градиме парламентарна демократија и средбите на лидерите ги доживувам само како можност да се договорат како подобро да функционираат институциите на системот, а не тие четворица да ги решаваат сите државни прашања, а ние овде да молчиме и да се чудиме зошто да речеме некој член или пратеник од соодветна политичка партија може да искаже и мислење спротивно од мислињето на својот лидер. Тоа е демократско право. Јас мислам дека тоа е достигнување во сферата на демократијата, а тогаш ако сметаме дека лидерите за сите прашања ќе се договорат а ние овде само да го одиграме “Танцот на музите” не ни треба Парламент. Зошто трошиме пари. Значи средбите на лидерите немаат право да го супституираат Парламентот. Ние можеме да се договараме, да се координираме. Лидерите подобро ќе направат координација, подготовка на Собранието за подбра дебата, расправа со сите аргументи, ама дефинитивно немаат право да го суспендираат ни Собранието, ни Владата, ниту политичките партии меѓу себе да расправаат, да се договараат за прашања од заеднички интерес. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика господинот Димовски Илија, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам господине Петковски.

Веројатно малку поразлично сте ме разбрале од тоа што ми беше намерата да го презентирам како став. Вие добро знаете дека јас не сум човек кој што молчи и не кажав во ниту еден момент дека договорот помеѓу четирите лидери треба да биде императив. Напротив, спомнав дека во внатре партиската демократија, веројатно лидерите би требало да ги акцептираат овие различни предлози кои што ги чувме од пратениците на партиите чии лидери учествуваа во овој процес. Јас дадов ограда за пратеници од помалите политички партии, како што сте и вие и колегите околу вас и со цел респект ве следам овие два дена за вашите идеи. Меѓутоа, мојата дилема беше за пратениците кои што доаѓаат од овие четири партии. Напротив, јас во основа се согласувам со ова што вие го кажавте во насока на функционалноста на институциите во Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам.

Јас се извинувам однапред што мојот мозок не се исклучува во моментот кога некои пратеници сметаат дека треба да бидеме на оф и да не размислуваме дури и кога ќе чуеме добри предлози. Два коментара.

Прво, цензусот нема по автоматизам да ги реши проблемите со изборите. Ако беше така ние немаше да имаме проблем на изборите во јуни 2008 година, кои беа најлошо организираните избори и кои што беа чекор назад според зборовите на ОБСЕ, на Европската комисија и на сите релевантни набљудувачи.

Значи, изборите во 2008 година беа лоши заради тоа што вие дадовте пас на својот тогашен коалиционен партнер ДПА да може да прави во некои општини што сака и меѓу другото, затоа што сите вие речиси сте пратеници повторно во Македонското собрание. Пред неколку месеци не му покажавте црвен картон на заменик министерот за внатрешни работи Елмази, кој што тепаше пратеници во Собранието. Кога му простивте што тепа пратеници господинот заменик министер под палката на госпоѓата министер, реши да тепа и граѓани. И за тоа не може да ви го реши цензусот, ако требаше вие навреме да го решите.

Вториот коментар во поглед на предлогот кој што го чувме од страна на некои пратеници, околу ограничувањето во поглед на кандидати за претседател, пратеници и други функционери, можам да заклучам дека ВМРО-ДПМНЕ и понатаму не смее да си дозволи да каже ниту збор против бугарското државјанство на нивниот поранешен претседател и премиер Љубчо Георгиевски. И не може да каже ниту збор против фактот дека еден човек 16 години земаше државна плата од Македонија, а потоа ни кажа дека всушност, имал државјанство од соседна држава со која имаме и уште некои нерасчистени прашања.

И на крајот, господине пратеник, апсолутно ве сфаќам и ве поддржувам, вие како најдолго и најдобро платен студент во македонското општество, не можете да сфатите ниту што значи интелектуалност, ниту што значи индивидуалност. Ама немојте да се трудите да го направите тоа што не сте способни да го направите.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам лично да не се навредуваме.

**Радмила Шекеринска:** Господине претседател, јас навистина водам сметка, меѓутоа, господинот не обвини, како да треба да одиме на обвинителна клупа, ако знаеме да размислуваме со сопствена глава.

Второ, господине Димовски ситни штосови од тој тип можам да ги разберам само како преголема нервоза. Ама можете да говорите само тогаш кога ќе добиете време и место, а не да ми се уфрлувате. Меѓутоа, ве сфаќам, Љубчо Георгиевски сеуште ви е на врат и тоа не може да се промени. Денеска со вашиот говор го потврдивте тоа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе, јас не ја ни спомнав госпоѓата Шекеринска во мојата дискусија. Не знам од каде доаѓа толкава нервоза, иако јас можам да користам квалификативи како единствен лидер на голема партија, кој што не успеал да стане премиер и така натаму и нема да паднам на тоа ниво. Значи, би поставил едно прашање, што стана со тие двајца луѓе осудени за изборни нерегуларности во Прилеп, за локалните избори кои што полнеа гласачки кутии, кои што беа осудени од судските институции во Република Македонија, а тие лица беа амнестирани од вашиот лидер. Значи пред 5-6 месеци беа амнестирани и беа пуштени на слбода. Би ве потсетил и на 80-тина процеси, кои што во моментов се водат пред судските институции за изборни нерегуларности од последните парламентарни избори. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Процедурално господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Почитуван претседателе, мислам дека има тенденција која што е непријатна и опасна во Парламентот. Значи, се спомнуваат имиња на поединци кои што не се присутни во салата. Секогаш со цел на искривување на факти за случаите кои што беа спомнати. Мислам дека широката јавност убаво знае кои беа инцидентите од минатите избори, каде беше употребено оружје и многу други околности, така што мислам дека тенденцијата на госпоѓа Шекеринска е опасна и институирам и вие да не дозволите да се повторат вакви случаи. Значи, да се спомнуваат имиња во погрешни конотации. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Делумно прифаќам затоа што лица кои што не се присутни тука не би требало да ги ставиме во контекст на дискусијата по точката на дневен ред.

Со оглед на тоа дека госпоѓа Иванова Цветанка не е присутна тука, го губи правото за збор по претресот по оваа точка.

Господинот Оровчанец Ѓорѓи не е присутен. Беше Имер Алиу. Бидејќи е измешан редот, господинот Имер Алиу е тука, но пред да му дадам збор на господинот Имер Алиу, процедурално господинот Жерновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, сакам да ве прашам а можеме да расчистиме денеска нешто што не знам по кој член од Деловникот се провлекува низ сите дискусии тоа дека не можат да се спомнуваат имиња на луѓе кои што не се присутни во салата. Јас не знам, како да не го спомнам името на претседателот на Владата на Република Македонија кој што никогаш не е присутен во салата, така да, сакам од вас да побарам како претседател на Собранието, според кој член тоа во Деловникот,

новиот, стариот, вашиот, не смее да се спомнуваат имиња, кои што не се присутни. И кажете ми како ние парламентарниците, особено од опозицијата да не го спомнуваме претседателот на Владата на Република Македонија. Би ве замолил понатаму да не влегуваме понатаму во вакви ...

**Трајко Вељаноски:** Ја разбирам вашата процедурална забелешка.

**Андеј Жерновски:** Ја разбравте?

**Трајко Вељаноски:** Да, ја разбрав и ќе ви одговорам.

**Андреј Жерновски:** Знаев дека ќе ја разберете. Вие сте талентиран политичар, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Господине Андреј Жерновски прво тие лица што ги спомнавте се функционери избрани и нормално дека имате право да зборувате.

За господинот Рефет Елмази во моментот не е избран функционер за да може да се стави во контекст на дискусијата по оваа точка од дневниот ред. Мислам дека тоа е општо правило кое што не треба да биде напишано во Деловникот, вие да го разберете.

Има збор господинот Алиу Имер, повелете.

**Имер Алиу:** Ви благодарам господине претседателе, почитувани колеги пратеници.

Демократската партија на Албанците уште од почетокот на предлогот за симнување на цензусот за избор на претседател процени дека оваа тенденција е антиалбанска, затоа што со ова се настојува да се релативизира албанскиот глас, кој што како што знае јавноста досега бил одлучувачки глас за изборот на претседателот на државата.

Предлозите на Демократската партија на Албанците во однос на ова прашање се познати. Ние на почетокот предложивме на институцијата претседател на државата да и се додаде и институција потпретседател на државата, затоа што ова беше програмска определба на ДПА, уште од основањето на истата партија. Исто така, затоа што цениме дека институција претседател на државата останала единствена институција со течина во државата, всушност, со позиција во која што Албанците воопшто не се застапени. Сите знаеме дека Албанците се застапени во Парламентот, затоа што овој Парламент извира од непосредни избори. Исто така знаеме дека има по еден претставник Албанец во Владата, или повеќе, сега е релевантно да се спомне значајот на тој претставник, кој што учествува во Владата моментално, меѓутоа секогаш во овие државни институции имало претставник Албанец, меѓутоа не и во институцијата претседател на државата.

Во претходните дискусии се спомна често пати дека претседателот на државата нема надлежности. Со ова се настојува да се релативизира би рекол, неучеството на Албанците во оваа институција. Без сомнение дека надлежностите на претседателот на државата се истакнати, се значајни и што е најзначајно некои од тие надлежности се непосредно поврзани со првичната и соодветна застапеност на Албанците во определени институции, така што ние како политичка партија проценивме дека доколку се инсталира институцијата потпретседател на државата, во голема мера и Албанците ќе може да имаат влијание и во оваа значајна институција на државата. Ние дури предложивме и модалитети според кои би можело да се уреди функционирањето на институцијата потпретседател на државата, меѓутоа, ова наше барање не наиде на разбирање, всушност, не се прифати од другите релевантни фактори, така што и денес гледаме дека не е во предлозите од уставните измени.

Овој предлог не беше прифатен ниту од моменталниот албански партнер во владеачката коалиција, значи од ДУИ кој што партнер еднаш лиферуваше информации дека е за оваа позиција, еднаш дека е против оваа позиција. Лидерот на оваа партија дури изјави дека востановувањето на оваа институција потпретседател на државата е опасна за Албанците, затоа што претседателот на државата може да биде и Албанец. Така што, нивната единствена грижа што се однесува на оваа значајна тема, цениме ние за Албанците е дека се работи за тие буџетски расходи за претседателските избори. Токму поради оваа причина тие предложија претседателот на државата да се избере во Парламентот и да не се прават дополнителни трошоци за организирање на непосредни избори. Значи еден сосема несериозен пристап од страна на овој политички субјект за ова доста значајно прашање, како што е изборот на претседателот, или пак институцијата претседател на државата.

Демократската партија на Албанците цени дека цензусот од 40% е прифатлив и Албанците ќе продолжат да имаат одлучувачка моќ при претседателските избори и дека претседателот, идниот претседател, барем ќе има морална одговорност да се грижи за многу аспекти кои што ги засегаат и Албанците во Македонија.

Токму поради оваа причина, ние како партија ќе ги поддржиме овие уставни измени и сето ова со цел овој договор за овие измени доаѓаат токму од лидерските средби, значи е лидерски договор и поддршката на Демократската партија на Албанците ќе биде целосна за овие уставни измени. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓица Мехмети Еримира и господинот Хани Тахир.

Има реплика госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, дами и господа,

Навистина, не мислев да земам збор за реплика, затоа што тоа што најмалку сакам е и оваа принципиелна начелна расправа да се претвори

во дебата со конфликтни тонови меѓу двете главни албански партии во Македонија. Меѓутоа, сепак, не можам а да не кажам почитуван господине Имер Алиу дека изразувам лично задоволство, меѓутоа и задоволство во име на мојот политички субјект што успеавме да постигнеме договор за намалување цензус од 40%. Знаете зошто? Затоа што на идните претседателски избори Албанците нема да бидат злоупотребувани, така како што биле досега. Злоупотребувани. Навистина не сакам, денешната расправа да се претвори само во расправа околу факторизирањето или дефакторизирањето на Албанците, затоа што народ кој што е над 25% од населението во една држава, не може да не биде фактор. Вие тоа го знаете многу убаво, затоа во интерес на конструктивноста на оваа дебата како што рековте пред малку да не говориме за луѓето кои не се присутни во салата. Доколку не грешам, бидејќи господинот Али Ахмети не е присутен во салата, добро да не се кажува неговото име, да не се повикува заради тоа начело и едноставно, за да се даде придонес во оваа дебата, или расправа, значи, должам на јавноста да објаснам кои беа и кои се ставовите на ДУИ, во однос на овие уставни измени за избор на претседател. Вие многу добро знаете, затоа што и вие бевте присутен на тие лидерски средби дека ДУИ првенствено го бранеше ставот за потпретседател на државата. Ова е вистина имаше и друга опција која што се дискутираше, меѓутоа се процени дека во оваа фаза можеби не е најсоодветна и тоа е дека претседателот на државата да се избере во Парламентот со Бадинтерово мнозинство, да се гарантира дека овој претседател навистина, ќе биде претседател на сите граѓани и претставник на помалите етнички заедници и истите етнички заедници немаше да се чувствуваат навредени, маргинализирани, исклучени од процесот. Имаше дури и идеи и тоа беше вистинска идеја за тоа зошто не е во иднина претседателот на државата да не биде и Албанец. Ние сме имале и конкретен предлог кој што тече вака: да го елиминираме цензусот, меѓутоа, да овозможиме во вториот круг да не одат само двајца кандидати за претседател, туку да се даде можност во вториот круг или циклус, покрај двата кандидата Македонци, да оди и третиот Албанец и потоа Албанците во една сосема демократска процедура да гласаат за свој кандидат. Ви Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседателе.

Ова звучи убаво посебно последниот дел што го кажа госпоѓица Ермира Мехмети, меѓутоа морам да ја потсетам за неколку грешки или пак дали тие биле намерни или не. Кога говореше за цензусот рече дека ќе се прекине со ова намалување на цензусот на 40% и рече дека ќе се прекине со злоупотребата на гласачите Албанци. Мислам дека се согласивме заеднички дека релевантноста на Албанците за претседателските избори е голема и воопшто тоа не е злоупотреба на Албанците.

Што се однесува до спомнувањето на имињата, мислам дека претседателот на Парламентот ја дефинираше и оваа работа и рече дека можат да се спомнуваат имиња на лицата кои се избрани и именувани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Хани Тахир, повелете.

**Хани Тахир:** Ви благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Првенствено сакам да реплицирам на мојот колега и со тоа сакам да истакнам дека во неговиот говор беше контрадикторен од причина што е познато дека 4-цата лидери првенствено дадоа нивна согласност за уставните измени во Република Македонија и се што требало да се каже се кажало на овие средби меѓу најрелевантните лидери во Република Македонија.

Второто прашање што сакам да го истакнам е фактот дека ДУИ е политичка сила која создаде политички амбиент или еден политички процес со кој се ревидираше или да кажам се исправи или се корегираа грешки направени во 2006 година, кога не се почитуваше волјата на албанското население за избор на политичка партија која ќе требаше да ги брани интересите на Албанците и во извршната власт.

Значи во 2006 година се направи грешка и во 2008 година политичката сила на ДУИ беше таа која создаде нов политички амбиент и демократска норма која сеуште не е уставна норма ја стави во живот.

Што се однесува до резултатите на ДУИ би рекол дека ДУИ сеуште нема направено 100 дена во власта со партнерот ВМРО ДПМНЕ и резултатите на ДУИ остануваат да се видат подоцна.

Меѓутоа, јас сакам да истакнам дека доколку оваа Влада нема успех, тогаш треба да се има предвид дека ние сеуште сме во исполнување или реализирање на Буџетот на Република Македонија, Буџет кој е усвоен во 2007 година и овој Буџет е усвоен од страна на ДПА и ВМРО ДПМНЕ. Значи, ние сме во завршување на реализирање на Буџетот на Република Македонија, Буџет кој е проект на оваа Владина коалиција.

Сакам да истакнам еден факт, а тоа е дека контрадикциите не треба да постојат и доколку лидерите се договориле, тогаш забелешките што требало да се дадат се дале или требало да се дадат на средбата на лидерите и денеска начелно сите сме се согласиле да имаме уставни измени и за тоа сме дале наша заедничка согласност. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен господинот Имер Алиу, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам господине претседател

Ќе почнам од последната нејаснотија на господинот Тахир Хани. Тој спомна дека оваа Влада функционирала сеуште со Буџетот усвоен во 2007 година. Значи, на крајот на 2007 година и почетокот на 2008 година. Да го потсетам господинот Тахир Хани дека ова парламентарно мнозинство кое функционира можеби првиот тест на функционирањето го даде токму со ребалансот кој го усвои овој Парламент и ова парламентарно мнозинство.

Исто така да го потсетам дека се подготвува и вториот ребаланс за усвоениот буџет во времето на функционирањето на ДПА на власт и ова е убава можност тие да ги исправат грешките и да не се правдаат дека овој Буџет бил усвоен од ДПА.

Исто така да ги потсетам дека ова Парламентарно мнозинство функционира веќе пет месеци. Токму гласањето на првиот ребаланс мислам дека и на вас ќе ви биде јасно кога е направен и да ви биде јасно дека функционирате веќе пет месеци.

Што се однесува до бранењето на албанските интереси жалам што ќе морам да констатирам дека овој состав. . .

**Трајко Вељаноски:** Следен за збор е господинот Ѓорѓи Оровчанец, но со оглед на тоа дека не е присутен во салата, го губи правото за збор.

За збор е господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме многу важен предмет односно предлог за пристапување кон измена на Уставот. Предлогот го расправавме и на Комисијата за уставни прашања, јас и таму го поддржав и овде ќе го поддржам.

Сега ќе објаснам зошто го поддржувам, но исто така ќе се искажам и по сите овие други дилеми кои беа тука изнесувани за кои мислам не само што не личи да ги запираме да не се изнесуваат, туку мислам дека можат да ни бидат корисни, па да размениме мислења и за нив.

Овде стана збор за тоа четири лидери се договориле и една линија што ја забележав овде дека ако некој дискутира од тие партии пратеник да внимава да не го гази својот лидер. Треба многу да внимава дали ќе зборува или нема да зборува, дали ќе даде придонес или нема да даде придонес итн. Од друга страна имаше една друга линија која вели дека ако овие четворица се договараат зошто ни е Парламентот. Ги фрла во аут институциите. Мислам дека и двете линии што се набележани овде заслужуваат да имаме внимание на нив. Во Парламентот и во иснтитуциите треба редовно да си ги решаваме сите наши проблеми. Ако по некој важен проблем навистина биде невозможно и редовните институции покажат неспособност да го решат, тогаш по ретки прашања добро е, секаде така се практикува, лидерите на најсилните партии да седнат и да најдат излез од таа работа, да не дозволат вечни блокади на институциите. Тоа е нивна одговорност и тоа треба да го направат.

Второ, мислам дека измената на Уставот е едно такво прашање кое сака согласност однапред. Сака максимална согласност од сите, до последниот пратеник, ако е тоа можно, затоа што уставните измени не се прават само за еден состав на Собранието, ќе важат за следниот состав итн.

Мислам дека добро е што се договориле, тоа не е одстранување на институциите, институциите пак мора овде, не важи нивниот договор како дел од Уставот, тоа не може да се вгради, мора да дојде до Собранието и сега тука ние треба да си ги кажеме нашите стравувања, мислења, рефлексии, да видиме како можеме да помогнеме.

Овде слушам големи забелешки и критики упатени на ВМРО ДПМНЕ зошто тие 2005 година овој ист предлог го одбиле, а сега сами го предлагаат. Јас би ги пофалил, не би ги критикувал. Созреале. Добро е, се разбира, што го сватиле тоа и еве сега дури и сами го предлагаат. Дури мислам дека ова треба да го гледаме малку и од друга светлина. Ако се вратиме на нашата Уставност што ја градевме, ќе видиме дека ВМРО ДПМНЕ никогаш немал конструктивна улога, стално чекал во некоја заседа и напаѓал, критикувал, бил против. Кога го донесувавме Уставот во 1991 година, јас не знам дали паметите, Централниот комитет на ВМРО ДПМНЕ 10 дена пред усвојувањето донесе Одлука да се гласа против Уставот. Три дена пред да го усвоиме имаше голем митинг овде организиран од ВМРО против Уставот да се донесе, па не ми дозволуваа да си одам дома, јас бев претседател на Собранието тогаш. Исто и на Уставната комисија бев претседател. Меѓутоа, го донесовме Уставот и тоа со многу убедувања, макотрпни убедувања ама 10 луѓе не дојдоа. Четворица гласаа против, а шест не дојдоа. Сите измени на Уставот што се правени до сега ВМРО ДПМНЕ миеше раце од нив и не ги прифаќаше. Сите, од почеток.

Рамковниот договор Владата на ВМРО ДПМНЕ одби да ги подготви амандманите. Амандманите ги подготви Претседателот кој работеше како непартиец така што ВМРО ДПМНЕ изми раце и од тоа, беше против сите промени до сега, против амандманите кои беа усвоени на 6-ти јануари 1992 година. За некои гласаше, но зборуваше против, ги напаѓаше.

Ние имавме два големи дефекти во нашата уставност. Овој негаторски став на ВМРО ДПМНЕ и одбојниот став на пратениците од албанската етничка заедница тие се до 2001 година го одбиваа Уставот и негативно се однесуваа. Со Рамковниот договор тие пристапија и оттаму земете ги сите обиди за измена на Уставот ќе видите дека конструктивно настапуваат.

Што сакам сега да ви кажам? Од еден таков став на ВМРО ДПМНЕ стално да се противат на донесување и на Уставот и на амандманите до

тоа сами да бидат иницијатори на еден предлог, тоа е голем скок и јас мислам дека таа промена ние треба да ја поздавиме, треба да ја пофалиме и тоа е многу корисна работа. Сега, со овој случај што се случува, тоа ме радува, имаме компактна целина на сите политички сили кои прифаќаат да ја градат уставноста на земјата. По ова прашање во Република Македонија се случува нешто големо од зоната на бесмислени конфронтации, а некогаш и оправдани конфронтации минуваме во зоната на кооперација, соработка, разбирање, заедничко градење на основите на оваа земја како таа ќе функционира.

Натамошна задача е ова поле да не биде само измената на Уставот на 40%, туку по сите вакви битни прашања да не се манифестира ароганција, одбојност, натурање, насила, туку да се гради оваа атмосфера на кооперација, соработка, разбирање, тоа е она што нас може да не извади од ситуацијата во која сме западнати. Веќе сме ретки земји и Бугарија излезе од тоа, Србија е на излегување од фазата на внатрешни конфронтации. Со распадот на радикалната партија и со туркањето на страна на партијата на Коштуница во Србија со креацијата на договор за помирување помеѓу СПС и ДС веќе се создава и тие да навлезат, она што го направи царот во Бугарија кога дојде. Во фаза на помирување и фаза на кооперација, а не хаотична по секоја цена конфронтација во политичката сфера. Тоа треба ние да го градиме понатаму кај нас. Ова е многу добар чекор и тоа на некој можеби му е чудно зошто вака зборувам, но верувајте така е. Мислам дека сите сме должни на тој пат да издржиме.

Сега, за процентот. Точно е, јас верував дека никој не направил студија дека треба токму 40% да биде. Тоа е конвенција, тоа е договор. Мислам дека е договор кој води сметка за неколку работи како што реков и на седницата на Комисијата, дека води сметка од една страна да не го дерогира легитимитетот на идниот претседател и друго, води сметка да не се почувствуваат гласачите од албанската етничка заедница за непотребни и ненужни. Отворено треба да си ги именуваме работите точно така како во практиката има тежина. Се запрело тука на 40%, што има резон и мислам дека е корисен резон, прифатлив за овој момент и ние треба да го поддржиме. Тоа, дали ќе изгуби од легитимитетот претседателот ако се намали од 50% + 1 на 40% не знам дали ќе изгуби нешто на легитимитетот. Меѓутоа, кога го работевме Уставот од 1991 година, функциите што му ги доделувавме на претседателот ги оправдуваме со тоа што тој ќе биде избран со учество на 50% плус 1 глас. Опфатот така е мерен. Тоа беше исто така договор, бидејќи алтернатива на ова беше претседателот да се избира во Собранието и Уставната комисија тогаш така одлучи, меѓутоа, бидејќи предлагач односно покренувач на иницијативата беше тогашниот претседател тој не се согласи со тие промени и ние си ја преиначивме одлуката да не оди од почеток да почнува постапката за Уставот некој друг да биде предлагач кој можеше да си го повлече предлогот инаку, ние одлучивме со намалени надлежности претседателот на државата да биде избиран од Парламентот со 80 гласа, 2/3 итн.

Тоа се работите на кои сакав да обрнам внимание. Сигурно е дека со намалување на излезноста не со цензусот, можеби цензусот од 40%, но ако излезат 55%, 56% на изборите ќе има легитимитет, а ако падне на 40% паѓа и интересот воопшто за избор на таа функција и јасно е дека ќе паѓа и угледот на човекот кој ќе биде избран уште воедначени ќе излезе со 20% плус 1 глас може да биде избран, со 1/5 од избирачкото тело. Така што тоа е така и тоа после ќе ги покрене оние прашања што јас од 1991 година стално ви велам.

Треба да се определиме ние каков политички систем ќе имаме. Треба да се определиме каква поделба на власта ќе имаме.

Поделбата на власта, класичната поделба на власта не се дели, таа е законодавна, извршна и судска, ама судската не се дели. Ние и судската ја имаме поделено. Судската сме ја поделиле меѓу Владата и Претседателот. Таа е поделена. И внатре извршната власт ни е поделена. Ние сега внатре во извршната власт имаме конфликт. Сега е да речеме меѓу господиниот Црвенковски и господинот Груевски, може да има тука нешто и со табиетите, но тоа е мала работа, поголема е што извршната власт е поделена. Пред тоа беше Трајковски и Црвенковски, пред тоа беше Трајковски и Георгиевски, па да не кажам секогаш сме имале меѓу Владата и Претседателот конфликти. Тоа е затоа што не е дефинирана таа сфера, целото тоа е изршна власт, а сме ја поделиле, па се преклопуваат работите. Затоа сега кога ќе видиме со 40% и кога ќе видиме ако ни падне довербата, тогаш ќе мораме да седнеме и да размислиме и да видиме да не е подобро да поминеме на парламентарен систем, но тоа на народот не му се објаснува. Мора да го видат луѓето, да почуствуваат и да им затреба. Сега они сакаат, татко на нацијата е и затоа повеќе од 70% се да се избира на општи избори. Така стои околу угледот, легитимитетот итн.

Надлежностите на претседателот сега остануваат исти, меѓутоа очигледно е дека во идните конфронтации со Владата ќе бидат послаби, таа личност ќе биде послаба ако падне излезноста под 50%, затоа што на сите избори до сега избраниот Претседател добил повеќе гласови од било која коалиција. Сега коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ има скоро 100 илјади гласа помалку добиено од господинот Бранко Црвенковски на избори. Таа несразмерност и тој факт го правеше Претседателот и Глигоров и Трајковски и Црвенковски со лична врска кон народот и со една противтежа кон Владата која, ете го доведуваше често пати и во конфликт.

Особено 1991 година сузпензионото право за вето на Претседателот да може да запре закон го дадовме токму заради тоа што има обврска да биде избран со излезност повеќе од 50%, инаку не

требаше да има тој никаква врска со Парламентот, само да дава годишни обраќања.

Така да мислам дека работите созреаа, созреваме и ние и имаме сега конпактно разбирање за нужноста, уставноста да се гради заедно. Пред две години ВМРО-ДПМНЕ излезе со предлози за измена на Уставот сам, за средно образование и уште нешто не знам што беше, дали беше Народната банка, ама и тоа падна заради средното образование, затоа што никогаш не се обидоа претходно да разговараат. Сега, еве си седнале четворицата, си се договориле и си завршиле работа, така да сега мислам дека е подобро.

Што се однесува до двојното државјанство сакам да ви обрнам внимание мои драги колеги дека избирачкото право кај нас е единствено и неусловено. Врзано е само за државјанство, да е државјанин на Република Македонија. Значи, тоа е поврзано, сите си имаат активно избирачно право, имаат и пасивно избирачко право. Нашиот Устав не разликува во правата кај пасивното и кај активното. Во Америка се знае, секој државјанин на Америка има активно избирачко право, но за Претседател да биде избран треба да е роден во Америка. Така не оди да го имаат сите тоа право да бидат избрани. Има и во други земји. Значи, од друга страна тоа сакам да го поврзмеме со Претседателот, за Претседателот да нема двојно државјанство.

Кај нас за избирачкото право доволно е да си државјанин на Република Македонија. Избирачкото право не е условено да немаш друго државјанство. Не стои така, не е одвоено тоа. Тоа треба да го одвоиме во Уставот, но не кај Претседателот, туку на друго место, не знам точно кој член е, дали е 12-ти, а потоа да видиме во кои случаи пасивното право ќе биде ограничено или недопуштиво. Дали само кај Претседателот кој има одредени надлежности, дали и кај Премиерот, дали и кај министерот за правда, дали и кај министерот за надворешни работи, за внатрешни работи, или за секој министер. Ако е за секој министер, ќе важи ли за секој пратеник. Тоа мора да го расправиме. Тоа бара целосна расправа и тоа бара проучување како е секаде, да си ја знаеме нашата состојба како ни е овде, да видиме тоа кои последици би ги имало, ама кои последици би ги имало и ова сега што е. И тоа ние траба да си го простудираме овде, затоа што може да ни се случи да избереме со двојно државјанство човек за Претседател на Влада, ама повеќе да држи за другата држава отколку за оваа. Тоа може да се случи. Исто така, за министер за внатрешни работи тоа може да се случи, така да јас не ги врзувам сега за оваа или за онаа личност, туку тоа се потемелни работи, подлабоки работи. Затоа ние треба добро да се ангажираме да се простудира, за да можеме да видиме како ќе правиме. Ако сега за тоа заземеме став зошто да не се применува за пратеници. Како ќе го објасниме ние тоа да не се применува на пратеници ако има двојно државјанство. А, ако се применува на пратеници како ќе избереме ние тројца од дијаспората, утре треба да седиме и да гласаме за изборниот закон.

Затоа по мое мислење, а тоа е многу значајно нашите органи треба приоритетно тоа да ни го простудираат и да ни дадат за прашањето за двојното државјанство и за избирачкото право да видиме кои решенија се сомнителни, од кој аспект, како да се решаваат тие прашања итн, итн. Дури тогаш пак ако нема слога, пак нека седнат четворицата, ама тогаш пак ќе го смениме Уставот.

Јас сакам да ви кажам една работа.

Сите измени на Уставот до сега што се правени се или по барање, или по сугестија од страна на меѓународната заедница или некој меѓународен фактот. Првите амандмани што ги направивме беа Бадинтер. Бадинтеровата комисија за името. Сите, и 15-те што се од Рамковниот договор и овие сега, еден кажа ќе ни текне утре пак ќе менуваме, еве, пак менуваме, но тоа што сме го промениле пак да не го промениме, ова она. Знаете ли што не сме промениле? Тоа што сме го промениле во Уставот, сите амандмани што сме ги донеле не сме ги промениле. Се што ни сугерирале од странство, сме ги послушале и сме ги промениле, сме ги усвоиле, ништо не сме промениле до сега. Во сите натамошни измени не сме ги промениле. Ни стојат. Дури и ова за притворот беше сугерирано од еден Комитет на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Тоа не тера да се погледаме во очи и да видиме дека оваа ситуација на конфронтација, ова нетрпеливост меѓу себе не тера да се затвориме секој во својот атар политички и да не поразмислиме кои ни се нас заедничките интереси и обврски, па заедно да гледаме како се остварува уставаната конструкција на нашата држава. Организацијата на власта што сме ја направиле во Уставот како функционира, каде се слабостите. Другите решенија, како што е државјанство, избирачко право, па има и други работи кои сме ги поставиле таму, како функционираат, во кој смер ќе одиме, како и кога треба да се пристапува на уставни измени. Ние излегуваме од зоната ако не примат во НАТО, ќе се изгубиме во зоната кога треба некој се да ти каже како Уставот да си го дотеруваш. Сам мора да си го дотераш.

Морам да кажам дека ние кога го правевме Уставот го правевме под притисок на времето. Немавме кој знае какви студии пред тоа изработено. Во Комсијата покрај членовите од Парламентот собравме расположиви сили, стручни луѓе како рамноправни членови на Комисијата. Тие работеа во Комисијата, ни помагаа и тоа што го направивме тоа можевме. Јас ова го зборувам и го кажувам, тогаш јас бев претседател на Уставна комисија, бев претседател на Собрание, не можам да се изземам тоа така беше, толку е. Толку сме можеле, така сме направиле. Фала му на господа многу убаво не држи и добар е Уставот, но тоа не значи дека немаме потреба да го дотеруваме и да го поправаме. А за да го поправаме треба

атмосфера на разбирање и толеранција, меѓусебно почитување и добра волја. Волја, да се сака од сите страни нешто арно да направиме, на арно да ја тераме работата. Тоа е она што од нас го очекува народот, ама тоа ни е и должност луѓе. Ние така треба да работиме.

Во тој контекст мислам дека идејата Тито што ја предлага овде да направиме студија, да порачаме да ни се направи сутдијата, да ангажираме некој, па ако треба и од странство, овие што ни помогнале. За секој амандман кој ни помогнал, да ги видиме тие експерти па да ни помогнат на целината да видиме ако може да се напредува во оваа работа.

Овие работи сакав да ги кажам инаку ќе гласам за овие предлози.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам господине Андов.

За реплика се јавија госпоѓица Мехмети Ермира, господинот Трајанов Павле, господинот Манасиевски Јован и госпоѓа Шекеринска Радмила.

Реплика има госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Ви благодарам господине претседател,

Сакам да коментирам повторно на конструктивен начин, во интерес на општата расправа на уставните измени. Внимателно го слушав господинот Андов кој што беше првиот претседател на Парламентот на независна Македонија и беше претседател на Парламентот во најчуствителниот период од поновата историја на Република Македонија и тоа беше токму кога се гласаа уставните измени за инкорпорирање на одредбите или пак содржината на Охридскиот рамковен договор во Уставот на Република Македонија. Сакам да кажам, го поздравувам и искрено ја ценам една реченица која што ја сметам суштинска, што се однесува на функционирањето на Република Македонија, Република Македонија по 2001 година. Значи, вашата реченица дека до 2001 година ние не сме имале заедничка основа или етнички консензус туку имавме одбивност од страна на Албанците што се однесува на нивниот однос кон Уставот, одбивање за учество и почитување на истиот и мислам дека всушност со измените од 2001 година, со уставните измени таа година кои што измени нормално не беа лесни, беа болни со многу отпор и со многу двоумење и со многу непознаници, сепак ние успеавме да отвориме нова страница.

И да се вратам на дискусијата и репликата што ја имав порано, мислам дека токму тука во уставните измени со Охридскиот договор, односно измените што беа поради Охридскиот договор се постави основата за фактирузирање на Албанците во Република Македонија.

Второ, се институинализираше или пак воспостави основа за духот на етничкиот консензус, значи за градење на решенија кои што ќе бидат резултат и на етничкиот консензус, не само чисто политички консензус.

Трето, мислам дека ова е основата врз која што сите ние градиме или пак се обидуваме да дадеме придонес за градење на една заедничка иднина. Го велам ова затоа што сум убедена дека до 2001 година, нормално ова е во однос на општата расправа, значи до 2001 година ние имавме битка за признавање од страна на Албанците, барање за признавање како фактор за општеството и имавме одбивање од другата страна меѓутоа од 2006 година, всушност од 2001 година овој соодност е сменет, сега е фазата кога Албанците очекуваат, бараат и секако се подготвени за една нова расправа во која што тие ќе бидат поканети од мнозинството да учествуваат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика господиниот Андов Стојан, повелете.

**Стојан Андов:** Не треба ова да се сфати како контра реплика. Јас сакам само да кажам дека сакав во едно блиц излагање да укажам дека ми е задача и упорно и убаво напредуваме кон градење на заедничка комплексна, компактна основа на нашата уставност и дека најважната фаза ја завршивме 2001 година ова е најважна фаза што ја донесовме Устав, се осамостоивме. Првата најважна поправка е 2001 година и мислам дека оваа промена на ставот на ВМРО-ДПМНЕ е за мене многу важен фактор и заслужува да го поздравиме и да сфатиме да сме уверени дека градиме добра основа.

**Трајко Вељаноски:** За реплика господинот Павле Трајанов, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Еве јас накусо сакам да полемизирам со господинот Стојан Андов, но да ја искористам можноста и некои ставови да ги презентирам.

Значи се сложувам со тоа дека низ оваа јавна расправа треба да бидат искажани дилеми околу други, некои уставни решенија кои што се покажаа како нефункционални или беа блокада за разрешување на некои проблеми во државата. Така да мислам дека екпертите по уставно право скоро сите овие дилеми ги бележат и сум за тоа низ јавната распава да се дефинира заклучок дали имаме потреба да започнеме после примената од 20-тина години на Уставот да подготвиме нов Устав или да одиме на суштински промени и тоа се во функција на создавање на ново кохезионо општество, Устав кој што нема да биде пречка за решавање на некои отворени прашања во Република Македонија. Во оваа насока сакам да го искажам мојот став околу тоа дали во вториот круг треба да имаме изборен праг, цензус.

Консултирајќи ги другите уставни решенија во другите држава, значи вкучително и експерти, нема ниту една држава уставно решение во кое што во вториот круг кога одат двајца кандидати за претседател да има некој изборен праг, цензус. Дури и во претседателските системи тоа го нема,

иста така  ниту во оние полупретседателски системи. Тоа значи дека ние сега го намалуваме изборниот праг, ценсус од 50 на 40% меѓутоа не го решаваме проблемот. Затоа што јас сум сигурен дека граѓаните кога гласаат без разлика на етничката, политичка припадност дека имаат шанса да се определат за еден од кандидатите и овде не се маргинализира или дефактолизира влијанието на албанските гласови. Напротив, ако тие излезат, ако гласаат масовно во вториот круг дури можат да одлучат точно кој ќе биде претседател, се разбира без полнење на кутиите како досега што беше пракса.

И трета работа на која што сакам да укажам тоа е околу дали ние сме за силен претседател да има нашата Република или да го менуваме нашиот систем, да имаме еден авторитарен систем кој апсолутно не ни е потребен затоа што досегашнат или сегашното уставно решение прават баланс меѓу Владата и претседателот, дури сум за тоа ако има промени во уставот, темелити промени во Уставот да се намалат некои надлежности на претседателот бидејќи често пати имаме доализам, имаме дисонантни ставови по некои клучни прашања за нашата држава. Инаку во одреден дел, во поголем дел во дискусијата согласен сум со господинот Андов.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Добро, јас кога се јавив мислев дека ќе биде вистинска реплика на моето излагање, меѓутоа, тој кажа убави работи, нема ништо спорно со моите, така што немам реплика.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Јован Мансиевски, повелете.

**Јован Мансиевски:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да му реплицирам на госпдинот Андов во однос на дискусијата за двојното државјанство. Имено, драго ми е што мојата идеа и идеата на ЛДП предизвика голем интерес и колку што разбирам начелна подршка, меѓутоа, не ми се допаѓа што се отворија и некои дилеми од таа дебата кои се лажни дилеми.

Каде се тие лажни дилеми? Не постои знак на еднаквост како што сугерира пратеникот Андов меѓу активното и пасивното избирачко право. Впрочем, уставотворецот тоа јасно го кажал кај претседателот веќе во наредниот став, така што за избор на претседател се бараат и неколку специфични услови: да има најмалку 40 години живот и најмалку 10 од последните 15 години да бил жител на Република Македонија. Значи веќе уставотворецот дал специфични услови, така е всушност и при изборот на пратеници, така што апсолутно не држи дилемата дека треба да има еднаквост меѓу активното и пасивното избирачко право. Токму затоа постои Уставот и законите за специфични функции да се наметне токму разликата меѓу активното и пасивното избирачко право.

Оттаму, нема ништо pологично и го сметам за голема мана на досегашниот наш систем што ние во Република Македонија сме дозволувале 18 години од нашата независност да имаме и претседатели и премиери и пратеници со двојни државјанства, со двојна лојалност. Сега кога тоа се гледа толку јасно и кога ужива подршка треба тоа да го смениме.

Прашањето на легитимитетот и на кредибилитетот на идниот претседател не е толку прашање на излезени избирачи колку што е прашање дали тој човек ќе има двојно државјанство или не.

Господине Андов, не сакам да ми биде претседател со два пасоши, не сакам да ми биде премиер човек со два пасоши, не сакам да имам министри во Владата со два пасоша, не сакам да има пратеници со два пасоша.

Токму затоа, ЛДП тргна со еден проект, и оваа можност ќе ја искористам за промоција да им кажат граѓаните не на тие функционери со два пасоши, затоа предлагаме измени на Уставот, каде што се импутира посебен услов за избор на претседател. Затоа во амандманите, ако следите внимателно, по Изборниот законик предлагаме амандман каде што не смее пратеникот да има две државјанства и затоа во процедура ќе доставиме измени на Законот за избор на Влада, каде што се забранува да биде избран за министер човек со два пасоша. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Андов Стојан.

**Стојан Андов:** Видете, ова не се моите контрареплики.

**Трајко Вељаноски:** Тогаш не се пријавувајте, ако немате контра реплика.

**Стојан Андов:** Мора недоразбирањата да ги отстраниме.

**Трајко Вељаноски:** Нека се отстрани недоразбирањето, повелете.

**Стојан Андов:** Видете ние ништо нема да решиме ако за претседателот напишеме дека не смее да има друг пасош, ако министри имаме кои имаат по два пасоши. Тоа со овој амандман за претседател не можеме да го решиме, треба да видиме какви промени за пасивното избирачко право, тоа треба да го регулираме. Инаку, се согласувам, мораме да се расправиме и да се расчистиме кој може државни изборни функции да врши со Законот за државјанство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Истовремено ја преикнувам седницата и продолжуваме во 17,20 часот.

Молам да има доволно пратеници за да може да се премине на гласање.

(Прекин на работата од 17,04 до 17,32 часот)

Продолжуваме со работа.

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата за да можеме да гласаме.

Ги молам пратениците да ги заземат своите места.

Во салата се присутни 93 пратеници.

Врз основа на член 131 став 1 од Уставот на Република Македонија предлагам Собранието на Република Македонија да ја донесе следната одлука за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија:

1. Се пристапува кон измена на Уставот на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”.

Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Вкупно гласаа 93 пратеници. Од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 93 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против нема никој.

Констатирам дека Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е донесена.

Врз основа на член 196 став 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, по повод донесувањето на Одлуката за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1.Подносителот на Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, најдоцна во рок од 7 дена да подготви и на Собранието да му достави текст на нацрт амандмани на Уставот на Република Македонија.

Овој заклучок да се достави до Владата на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предложениот заклучок гласаа 94 пратеници.

Од нив гласаа сите 94 пратеници за, од гласањето никој не се воздржа, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија го усвои предложениот заклучок.

Дозвоелте ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам утрешниот Државен празник 23 Октомври - Ден на Македонската Револуционерна Борба.

(Аплауз)

Поради одредени партиски активности на одредени пратенички групи тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме со оваа седница во понеделник во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 17,56 часот)